Tempus Project N° 145165-TEMPUS-2008-SE-SMHES
Дизајнирање и имплементација на Национална рамка на Квалификации

TEMPUS

# Национална рамка на високообразовните квалификации за Република Македонија
## -ВОДИЧ-

Елизабета БАХТОВСКА
Гордана ЈАНЕВСКА
Ратка НЕШКОВСКА



НАЦИОНАЛНА РАМКА НА ВОК ЗА Р.МАКЕДОНИЈА

European Commission
TEMPUS

ТЕМПУС проект N° 145165
TEMPUS-2008-SE-SMHES

Дизајнирање и имплементација на
Национална рамка на квалификации

Елизабета Бахтовска
Гордана Јаневска
Ратка Нешковска

# Национална рамка на високообразовните квалификации за Република Македонија

## - Водич -

Битола, 2011

Проект:

N° 145165-TEMPUS-2008-SE-SMHES (2008-4763)

Контрактор на проектот:
Проф. Јанерик Лундквист
Универзитет Линкопинг - Шведска

Координатор на проектот:
Проф. Елизабета Бахтовска
Универзитет “ Св. Климент Охридски“ - Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

378.21(497.7)

БАХТОВСКА, Елизабета
Национална рамка на високообразовните квалификации за
Република
Македонија : водич / Елизабета Бахтовска, Гордана Јаневска, Ратка
Нешковска. - Битола : Универзитет "Св. Климент Охридски", 2012. -
109 стр. : табели ; 21 см

Публикацијата е во рамките на Tempus proect Дизајнирање и
имплементација на национална рамка на квалификации

No 145165-TEMPUS-2008-SE-SMHES

ISBN 978-9989-870-67-5
1. Јаневска, Гордана [автор] 2. Нешковска, Ратка [автор]
а) Високообразовни квалификации - Усогласување со Болоњска
декларација - Македонија
COBISS.MK-ID 90693130

Издавач: Универзитет “Св. Климент Охридски”- Битола
Лектор: Марија Јовановска
Дизајн: Елизабета Бахтовска, Александар Бахтовски
Печати: АД “Киро Дандаро” – Битола
Тираж: 700

# Предговор

Овој водич е резултат на успешната соработка меѓу претставници од три високообразовни установи од Европската Унија (Универзитетот во Линкопинг - Шведска, Универзитетот во Гент - Белгија и Универзитетот за применети науки во Оснабрик - Германија) и претставници од пет македонски високообразовни установи (Универзитет „Св. Климент Охридски“, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Универзитетот на Југоисточна Европа, Универзитетот „Гоце Делчев“ и Државниот универзитет во Тетово), Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика во Република Македонија, кои работат заедно во Темпус проектот „Дизајнирање и имплементација на Националната рамка на квалификации“. Контрактор на проектот е Универзитетот во Линкопинг – Шведска.

Целта на овој проект беше да се дизајнира и имплементира модел за Национална рамка за високообразовни квалификации, (НРК), преку прифатени нивоа, во која резултатите од учењето може да се измерат и поврзат едни со други на кохерентен начин, и која ги дефинира односите меѓу сите дипломи што се стекнуваат во процесот на високото образовние и обуките во Македонија. Дизајнираната НРК на прво место ги става потребите на студентите и треба да обезбеди поддршка на националната цел за „општество на доживотно учење“. Преку неа земјата ќе ги поврзе образованието и обуките заедно во еден унифициран систем на високо образование и ќе обезбеди меѓународно признавање. Притоа, таа ќе придонесе за целосен личен развој на секој студент и социјален и економски развој на нацијата во целост.

Овде би сакала да напишам неколку зборови на благодарност до оние кои придонесоа за овој Темпус проект и без кои овој проект никогаш не би успеал. Им благодарам на членовите на проектниот тим за нивната напорна работа да се дојде до овие

конечни резултати. Посебна благодарност изразувам до Контракторот на проектот Јанерик Лундквист (Janerik Lundquist) (Универзитет во Линкопинг - Шведска), за неговата несебична помош, координацијата на проектните активности и значајниот придонес, како и за посветеноста на проектот. Многу им благодарам на Лук Франсоа (Luc Francois) од Универзитетот во Гент - Белгија и Волкер Гемлих (Volker Gehmlich) од Универзитет за применети науки, Оснабрик – Германија, за нивните практични совети, корисни забелешки и препораки.

Зборови на благодарност упатувам и до претставниците од македонските партнери во проектот, особено на Златко Жоглев, Ректор на Универзитет „Св. Климент Охридски"–Битола и учесниците во проектните активности: Љупчо Трпезановски, Сашо Атанасоски, Гордана Јаневска, Ратка Нешковска, Калиопа Стилиновиќ (УКЛО - Битола), Борчо Алексов, Снежана Билиќ-Сотироска, Марија Кракутовска (МОН - Скопје), Моме Спасовски, Коле Василевски, (УКИМ - Скопје), Замир Дика, Владимир Радевски, Бесник Џеладини (УЈЕ - Тетово), Лилјана Колева Гудева (ГДУ - Штип), Ќуфли Османи, Валон Абдиу (ДУТ - Тетово), Мирјанка Алексевска, Маја Папатолевска (МТСП - Скопје) за нивниот корисен придонес кон резултатите на проектот.

На крај, но не и најмалку важно, ѝ благодарам на Европската комисија што ја обезбеди потребната финансиска поддршка за реализација на овој проект.

Се надевам дека овој Водич, како практична алатка за дизајнирање на Националната рамка на квалификации и формулирање на дескрипторите на нивоата, ќе одговори на потребите на оние кои се вклучени во трансформацијата на студиските програми преку резултатите од учењето. Поголемата транспарентност на целите на студиската програма создадена на ваков начин, со сигурност ќе го олесни процесот на признавање на националните квалификации, и ќе придонесе за создавање на заеднички јазик за полесно препознавање на квалификациите.

Октомври, 2011 — Проф. д-р Елизабета Бахтовска,

Координатор на проектот

# С о д р ж и н а

1. Вовед.......................................................................... 7

2. Историјат..................................................................... 8

3. Рамка на квалификации за европскиот простор
за високо образование (РК-ЕПВО) ....................................... 13

3.1. Цели на РК-ЕПВ.............................................13

3.2. Основни елементи на РК-ЕПВО.......................... 14

3.2.1. Профил ........................................................ 14

3.2.2. Циклуси и нивоа ............................................. 15

3.2.3. Дескриптори на резултатите од учењето............. 16

3.2.4. Кредити и обем на работа.................................... 18

4. Добри практики за развој на национална рамка за ВО
квалификации (НР за ВОК) .................................................. 20

5. Дизајнирање на НР за ВОК ............................................. 24

6. Градење доверба .............................................................. 25

7. Национална рамка на високообразовните
квалификации во Р.Македонија (НР-ВОК во РМ ).................. 27

7.1. Основи на НР на ВОК во РМ...................................28

7.2. Методологија за дизајнирање и имплементирање на НР-ВОК во РМ........................................29

7.3. Позиционирање на квалификациите во НР - ВОК во РМ........................................40

7.4. Дескриптори на квалификации........................................44

7.5. Потврдување на компатибилноста на НР на ВОК во РМ со РК на ЕПВО........................................52

7.5.1. Обезбедување на квалитет и националните рамки на квалификации во контекст на ЕПВО........................................53

7.5.2. Критериуми и процедури за потврдување на компатибилноста на националните рамки со рамката на квалификации на ЕПВО........................................54

8. Заклучоци и идни аспекти во имплементацијата на НР-ВОК........................................57

Литература........................................67

Прилог 1: Даблински дескриптори........................................71

Прилог 2: Уредба за НР на ВОК во Р. Македонија........................................78

Прилог 3: 10 чекори во развивањето на НРК........................................91

Прилог 4: Критериуми и процедури за потврдување на компатибилноста на рамката........................................93

Прилог 5: Поимник........................................95

Прилог 6: Шематска споредба на Македонските и Даблинските дескриптори........................................102

Контакт........................................108

# 1. Вовед

Овој Водич се однесува на имплементацијата на *Националнатата рамка на високообразовните квалификации* (НР-ВОК) *во Република Македонија* и на високообразовните квалификации издадени од страна на високообразовните установи, согласно нивните овластувања за доделување дипломи.

Во него се користи дефиницијата за „рамка на квалификации“, предложена од Болоњската работна група за рамките на квалификации (БРГРК), која исто така е вклучена и во Уредбата за НР-ВОК донесена од страна на Владата на Република Македонија во ноември 2010 година:

*„Националната рамка на високообразовните квалификации овде е дефинирана на едноставен начин како: единствен опис, на национално ниво или на ниво на образовен систем, кој е меѓународно препознатлив и преку кој сите квалификации и други постигнувања од учењето во високото образование може да се опишат и поврзат едни со други на кохерентен начин и кој ги дефинира врските меѓу високообразовните квалификации“,* [7].

Рамката на квалификации е инструмент за развивање, класификација и препознавање на способностите, знаењата и компетенциите преку една низа на прифатени нивоа на образование. Таа е начин да се структурираат постоечките и новите квалификации, кои се дефинирани преку резултатите од учењето, односно

*„ јасен приказ на она што се очекува од студентот да знае, да разбира и/или да биде способен да демонстрира по успешното завршување на одобрената студиска програма”* [18].

Рамката на квалификации обезбедува систематски опис на целиот спектар на квалификации во даден образовен систем, како и начините на кои студентите можат да преминуваат од една квалификација во друга. Затоа, квалификациите мора да бидат опишани на начин што ќе овозможи покривање на целта на образованието во целост, па затоа рамката мора да биде мултидимензионална.

# 2. Историјат

Развојот на национални рамки на квалификации (НРК) беше голем меѓународен тренд во реформирањето на националните системи на образование и обуки уште од крајот на 90-тите години на минатиот век. Иницијативата започна главно меѓу развиените земјите од англиското говорно подрачје. Кон крајот на 1990 година, такви рамки, исто така беа усвоени и од страна на земјите во развој од неанглиско говорно подрачје.

Важноста на меѓусебното признавање на квалификациите во Европа беше увидена во раните 90-ти години. Предлозите за *Европска рамка на квалификации* се резултат на низа обиди овој проблем да се реши на различни начини. Многу земји-членки имаат системи на квалификации воспоставени одамна (не мора да се рамки), додека други земји се во процес на реформирање на образованието и обуките. Затоа потребно е да се најде решение кое ги почитува воспоставените национални традиции и кое истовремено ќе обезбеди јасна основа за меѓусебно признавање и мобилност на работната сила во проширената Европска Унија.

Болоњскиот процес започна во 1999 година. Тој сега вклучува 47 земји. Една од најважните акциони линии во овој процес е преструктуирањето на програмите на високото образование, а како резултат на тоа и промена на стекнатите

квалификаци (дипломи). Во 2003 година, министрите одговорни за високото образование се собраа во Берлин да го разгледаат напредокот на Болоњскиот процес.

*„Министрите ги охрабрија земјите членки да изготват рамка на споредливи и компатибилни квалификации за нивните високообразовни системи, која ќе ги опишува квалификациите преку обемот на работа, нивото, резултатите од учењето, компетенциите и профилот. Тие, исто така, се обврзаа да изготват сеопфатна рамка на квалификации на европскиот простор за високо образование (РК на ЕПВО)“* [1].

*Берлинско коминике*

Ефективна сеопфатна рамка на квалификации на ЕПВО е неопходна од повеќе причини. Првенствено таа треба да му помогне на Болоњскиот процес да воспостави вистинска транспарентност меѓу постојните европски системи на високо образование, преку развој на заедничка основа за разбирање на овие системи и квалификациите што ги содржат. Со ова треба да се подобри препознавањето на странските квалификации, да се поттикне мобилноста на граѓаните и да се зголеми квалитетот во високото образование. Последно, но не и помалку важно, е што таквата рамка нуди концепт за ефективно обезбедување на квалитет.

Европските министри одговорни за високото образование на Конференцијата во Берген во 2005 година ја усвоија сеопфатната рамка на квалификации за ЕПВО [6], составена од три циклуси (вклучувајќи, во рамките на националните контексти, можност за меѓуквалификации), ги усвоија општите дескриптори за секој циклус, засновани на резултатите од учењето и компетенциите и опсегот на кредити за првиот и вториот циклус. Министрите се обврзаа во нивните национални образовни системи да се изработат национални рамки на квалификации компатибилни со сеопфатната рамка на квалификации за ЕПВО до 2010 година

Во 2008 година Европската комисија ја усвои Европската рамка за квалификации за доживотно учење (ЕРК за ДУ). Нејзина цел е да ги опфати сите видови на учење во една општа рамка. Оваа рамка е резултат на т.н. Копенхагенски процес, кој е насочен кон секторот за стручно образование и обука. Целта на оваа рамка е таа да биде алатка за препознавање на националните системи на квалификации меѓу земјите-членки. Таа има за цел да им даде можност на работодавците и образовните институции во Европа да ги споредат и подобро да ги разберат квалификациите што ги поседува поединецот. Јадро на ЕРК се нејзините 8 референтни нивоа, кои ги опфаќаат сите квалификации, почнувајќи од основно до највисоко ниво. Според оваа рамка, секоја нова квалификација стекната во ЕУ соодветствува на одредено референтно ниво во ЕРК, „така што користа од мобилноста и доживотното учење кои ги овозможува ЕРК ќе биде видлива и достапна за секој граѓанин на ЕУ". Денес, националните рамки на квалификации (НРК) се засноваат врз РК на ЕПВО и/или ЕРК за доживотно учење.

Предвидено е државите од Европската Унија и другите држави учеснички во Лисабонската стратегија да ги усогласат своите национални рамки на квалификациите со ЕРК до 2012 година.

Шематски, врската меѓу РК на ЕПВО и ЕРК може да се прикаже како на Сл.2.1 и во Табела 2.1.




*Слика 2.1. Врската меѓу РК на ЕПВО и ЕРК*

*Табела 2.1. Врската меѓу нивоата на ЕРК и Болоњските циклуси*

| ЕРК | Болоњска рамка |
|---|---|
| 1 | |
| 2 | |
| 3 | |
| 4 | |
| 5 | * |
| 6 | Прв циклус |
| 7 | Втор циклус |
| 8 | Трет циклус |

* Нивото 5 од ЕРК соодветствува на квалификациите на кратките циклуси од Даблинските дескриптори (во рамките на или поврзани со првиот циклус). Ова ниво не е формален дел од РК-ЕПВО - при донесувањето на РК-ЕПВО, министрите се согласија дека рамката може да вклучува, во национален контекст, можност за меѓуквалификации

Голем број земји учеснички во Болоњскиот процес го започнаа процесот на дефинирање и имплементирање на рамка на квалификации на национално ниво. Седум од нив го завршија целиот процес, вклучувајќи го и самопотврдувањето на компатибилноста на националната рамка со сеопфатната рамка на квалификации на Европскиот простор за високо образование (РК-ЕПВО) и редизајнирањето на програмите во рамките на високообразовните установи. Другите земји го започнаа процесот и повеќето од нив не очекуваат да го завршат пред 2012 година. За разлика од воведувањето на Додатокот на дипломата, дизајнирањето и развојот на национална рамка на квалификации се покажа комплексно, а се увиде и дека сушински се потребни широки консултации и јавни дебати, со цел да се обезбеди разбирање на рамките и нивните цели. Така, и покрај тоа што најверојатно само неколку земји ја постигнаа целта да имаат целосно функционална национална рамка на квалификации до 2010 година, сепак, многу е значаен напредокот што е постигнат на ова поле.



- Чекор 5: Целосно завршен процес, вклучувајќи самопотврдување на компатибилноста со РК-ЕВПО
- Чекор 4: Во тек и во завршна фаза е процесот на редизајнирање на студиските програми.
- Чекор 3: Формално усвоена НРК и започната имплементација.
- Чекор 2: Целта на НРК е договорена, и процесот е започнат и вклучува дискусии и консултации. Формирани се разни тела.
- Чекор 1: Одлуката е донесена. Процесот само што започнал.
- Нема информации

*Извор:* Eurydice, 2010, [22].

*Слика 2.2. Воведување на НРК во Европа во 2010 година*

Темпото на воведување на НРК на меѓународно ниво е такво што со сигурност тешко може да се каже дека која било листа на податоци е целосно ажурирана. Сепак, горната карта е показател за воведувањето на НРК во Европа.

# 3. Рамка на квалификации за европскиот простор за високо образование (РК-ЕПВО)

## 3.1. Цели на РК-ЕПВО

Голем број земји имаат национални рамки на квалификации. Секоја од тие рамки е одраз на националната структура и политичките приоритети на земјата. Некои рамки се однесуваат на сите циклуси на образование и обука, додека други се однесуваат само на високото образование.

Цел на РК-ЕПВО е да обезбеди механизам за меѓусебно поврзување на националните рамки, за да се овозможи:

- меѓународна транспарентност - ова е во центарот на Болоњскиот процес. И покрај тоа што постојат и други механизми за оваа цел, како што е Додатокот на дипломата, тешко е да се обезбеди лесно препознавање и споредба на квалификациите надвор од границите без да постои едноставна „архитектура“ за меѓусебно разбирање,
- меѓународно признавање на квалификациите - кое ќе биде помогнато од рамка, која обезбедува заедничко разбирање на резултатите од учењето претставени преку квалификации, заради потребите за

вработување и натамошно продолжување на образованието, и

- меѓународна мобилност на студентите и дипломираните - таа зависи од признавањето на нивното претходно учење и стекнатите квалификации. Со тоа се зголемува вербата на студентите дека резултатите од учењето во странство ќе придонесат да се стекнат со квалификации кои се бараат во нивната матична земја. Рамката, исто така, ќе биде од особена помош во поддршката за развој и признавање на заедничката диплома, стекната во повеќе земји.

## 3.2. Основни елементи на РК-ЕПВО

### 3.2.1. Профил

Овде поимот профил се однесува на припадност на квалификацијата кон одредено поле на студирање. Полињата на студирање се во центарот на Европската традиција на високото образование, заедно со студентите кои обично се стекнуваат со степен во одредена област. Во некои случаи постојат професионални причини да се бара јасен став за тоа дали квалификацијата е или не е во рамките на областа, додека за други е прифатлива одредена двосмисленост околу тоа на која област припаѓа квалификацијата.

Често во рамките на ЕПВО, академските и професионалните тела се состануваат и споделуваат искуства со цел со заедничка експертиза да ги прилагодат и до одредена мерка да ги усогласат наставните програми. Овие настани може да помогнат да се промовира признавањето и мобилноста, но сепак мора да се напомене дека професионалниот профил е прашање на национален суверенитет. Развојот во рамките на една дисциплина врз

доброволна основа на европско ниво не може да ја замени надлежната национална одговорност за утврдување на стандардите. Признавањето е прашање на секоја држава и е олеснето преку Европската Мрежа на Информативни Центри/ Национални Академски Информативни Центри за Признавање (ENIC/NARIC).

### 3.2.2. Циклуси и нивоа

Основното прашање за било која рамка на квалификации се однесува на најзината структура и бројот на поделбите што таа ги содржи. Во Болоњскиот процес се користи концептот на „циклус“ кој се однесува на нивоата во високото образование и кој ги вклучува квалификацииите, програмите и фазите на учење. Во документите за националните рамки на квалификации и во ЕРК почесто се среќава терминот „ниво“.

Затоа, се предлага трите главни поделби во рамката да се утврдат со помош на квалификации кои одговараат на завршување на циклусот:

- квалификации од прв циклус (високо образование)
- квалификации од втор циклус (високо образование)
- квалификации од трет циклус (високо образование).

Според Берлинското коминике треба да се земат предвид и кратките циклуси во високото образование, поврзани со првиот циклус. Треба да се утврдат и квалификации кои одговараат на успешно завршување на кратките циклуси (кои се во рамките на или се поврзани со првиот циклус). Поточно, тие не се квалификации и не се дел од рамката на квалификации за ЕПВО.

### 3.2.3. Дескриптори на резултатите од учењето

Резултатите од учењето се еден од основните компоненти за транспарентност на високообразовните системи и квалификации; тие беа предмет на Болоњската конференција одржана во Единбург, 1-2 јули 2004 година, на која беа разгледани сите аспекти на нивната примена во контекст на Болоњскиот развој. Резултатите од учењето беа дефинирани како:

*„искази за она што се очекува од студентот да знае, да разбира и/или е способен да направи на крајот од даден период на учење“* [19].

Резултатите од учењето имаат повеќе примени:

(i) во одделни високообразовни установи (за предмети/модули и студиски програми);

(ii) на национално ниво (за квалификации, во рамки на квалификаци и во постапки за обезбедување на квалитет) и

(iii) на меѓународно ниво (за пошироко признавање и транспарентност).

Тие се важни за разбирање на квалификациите во општеството, на пример од страна на студентите и работодавците.

Описите на резултатите од учењето најчесто се прикажуваат со употреба на активни глаголи кои искажуваат знаење, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација, итн. Со „пристапот заснован на резултати“ тие имаат импликација во квалификациите, дизајнирањето на наставните програми, наставата, учењето и оценувањето, како и обезбедувањето на квалитет. Затоа тие веројатно ќе бидат важен дел од пристапите кон високото образование во 21-от век (односно кон образованието и обуката воопшто) и разгледувањето на важни прашања како што се: што, кому, како, каде и кога им се предава и се оценува.

Клучен елемент во современите рамки на квалификации е прикажувањето на резултатите од учењето. Резултатите од учењето можат да се категоризираат и прикажат на разни начини. Традиционално, високото образование беше релативно експлицитно во однос на знаењето (резултатите) што треба да се постигне или барем за знаењето опфатено со наставната програма, а беше помалку експлицитно во однос на вештините или компетенциите потребни да се стекне дадена квалификација. Општите резултати за квалификацијата, како заеднички резултати од учењето за сите иматели на одреден тип на квалификација, може да се прикажат преку „дескриптори на квалификацијата“ за секој циклус или степен и се користат како референца при одлучување дали резултатите од учењето за одредена студиска програма ги исполнуваат минималните стандарди.

Дескрипторите за РК-ЕПВО мора да се општи. Тие не само што мора да се приспособат на широк спектар на дисциплини и профили, туку, исто така, мора да се приспособат, колку што е можно, на националните разлики во развивањето и прикажувањето на определени квалификации. Од практични цели, дескрипторите треба да се кратки и лесни за разбирање. Тие треба да го избегнуваат техничкиот јазик, имајќи предвид дека ќе се користат во националните системи на квалификации и ќе бидат изразени на различни јазици.

Една неформална група специјалисти од високото образование од различни земји, во декември 2004 разви група на дескриптори, кои се нарекуваат Даблински дескриптори [5]. Првите дескриптори за првиот и вториот циклус се усвоени со Амстердамскиот консензус на средбата на министрите во Берлин. Потоа групата разви дескриптори за третиот циклус. Неодамна, по моделот на другите три циклуси, беа развиени и дескриптори за краткиот циклус (во рамките на или поврзан со првиот циклус). Се покажа дека овие дескриптори (особено тие за првиот и вториот циклус) се

мошне корисни на разни начини за националните агенции за обезбедување на квалитет, за развивање на повисоки стандарди во образовнието и при дизајнирањето на наставните програми. Досега не била предложена нивна позначајна ревизија.

Даблинските дескриптори се изградени врз следните елементи:

- *знаење и разбирање,*
- *примена на знаењето и разбирањето,*
- *способност за проценка,*
- *комуникациски вештини,*
- *вештини на учење.*

Даблинските дескриптори нудат општи искази за типичните очекувања за постигнувањата и способностите поврзани со квалификациите на крајот на секој Болоњски циклус. Тие не се крути, не го претставуваат прагот или минималните барања и не се детални; слични или еквивалентни карактеристики можат да се додаваат или да се заменуваат. Дескрипторите се обидуваат да ја прикажат природата на целата квалификација. Дескрипторите не се однесуваат на конкретен предмет, ниту се ограничени на академски, професионални или стручни области.

Даблинските дескриптори се дадени во Прилог 1.

### 3.2.4. Кредити и обем на работа

Усвојувањето на погоден заеднички опсег на кредити кој ќе ја поддржи рамката на квалификации претставува дополнителна предност и ќе може:

- да обезбеди национални рамки на квалификации изразени со заеднички опсег на кредити засновани на резултатите од учењето и обемот на работа на

студентот за да се опишат и лоцираат различните национални квалификации,

- да помогне да се воспостави и имплементира систем на учење заснован на резултатите од учењето и компетенциите со користење на кредити како мерка за квантифицирање, утврдување и прикажување на резултатите од учењето,
- да се потпре врз постоечката широка Европска база на искуства меѓу институциите, која се однесува на меѓународната примена на кредити,
- да го олесни прецизното лоцирање на учењето преку поврзување на кредитите со националните системи на нивоа и општите дескриптори на Болоњските циклуси,
- да дејствува како дополнителен збир на референтни точки за да се олесни обезбедувањето на квалитетот насекаде низ Европа и разбирање на националните рамки на квалификации,
- да обезбеди непречена врска помеѓу високото образование и другото образование, особено да овозможи развој на конзистентна и заедничка Европска рамка за доживотно учење која ги обединува сите форми и модели на учење,
- да помогне во развивањето и изградбата на меѓународни заеднички програми за образование и соработка меѓу програмите, преку олеснување на флексибилните патишта на учење и на различните профили на квалификации,
- да ја олесни глобалната артикулација на Европскиот простор на високото образование (и препознавањето на нејзините квалификации) со другите системи засновани на кредити.

Се предлага кредитите да се доделуваат на квалификациите во рамките на националните системи, а кредит системите кои се развиени и имплементирани во

рамките на националните рамки на квалификации да се компатибилни со ЕКТС.

Врз основа на горните дискусии, дадени се следните насоки за поврзување на кредитите со квалификациите во рамките на националните рамки:

- квалификациите за кратките циклуси (во рамките на или поврзани со првиот циклус) вообичаено вклучуваат/се претставени со околу 120 ЕКТС кредити,
- квалификациите за првиот циклус вообичаено вклучуваат/се претставени со 180-240 ЕКТС кредити,
- квалификациите за вториот циклус вообичаено вклучуваат/се претставени со 90-120 ЕКТС кредити – минимумот за вториот циклус треба да изнесува 60 ЕКТС кредити,
- квалификациите за третиот циклус не мора да се поврзуваат со кредити.

# 4. Добри практики за развој на национална рамка за ВО квалификации (НР за ВОК)

Денес постои значително искуство во дизајнирањето и имплементирањето на НР за ВОК. Ова искуство, извлечено од различни земји ширум светот, може да ни помогне да ги утврдиме ефективните пристапи во примената на НР за ВОК, а исто така може да ни помогне да избегнеме некои замки.

Иако секоја земја има свои уникатни својства и традиции, сепак многу може да се научи од практичните лекции од меѓународното искуство. Не постои „единствен најдобар начин“ за развој на национална рамка за сите земји, бидејќи нема пристап кој е универзално применлив.

Напротив, тој ги поставува клучните начела, ги објаснува главните прашања кои креаторите на политиката треба да ги разгледаат и ги ревидира предностите и недостатоците на различните начини на решавање на овие прашања.

Во 2005 година, Болоњската работна група за рамките на квалификации ги даде следниве предлози за добри практики за развој на национална рамка на квалификации [7]:

- процесот за развивање и имплементација на добра рамка е најефикасен кога ги вклучува сите засегнати страни од и надвор од високото образование. Рамките за високото образование природно се поврзуваат со стручното образование и обука и пост-средното образование и како такви најдобро се гледаат и се третираат како национална иницијатива. Ова исто така овозможува вклучување на, или поврзување со други области на образованието и обуките надвор од високото образование,
- рамката на високообразовни квалификации треба да утврди еден јасен и национално договорен збир на цели,
- примената на рамките на високообразовните квалификации е олеснета со воведувањето на циклусите и/или нивоата и дескрипторите на резултатите од учењето,
- користењето на дескрипторите на резултатите од учењето да се опишат квалификациите помага за нивната транспарентност, препознавање, и ја олеснува мобилноста на студентите и граѓаните. Прикажувањето на резултатите од учењето игра важна улога во развојот на националните рамки на квалификации,
- пофлексибилните рамки на високообразованите квалификации ги промовираат различните патишта во и низ високото образование, со што го поттикнуваат

процесот на доживотно учење, што доведува до ефикасна употреба на ресурсите и до поголема социјална кохезија,

- рамките на високообразовните квалификации ја користат нивната директна поврзаност со акумулацијата и трансферот на кредити. Кредитите се алатки кои може да ја зголемат флексибилноста, јасноста, прогресијата и кохерентноста на образовните системи, кога тие се изразени преку резултатите од учењето, нивоата/циклусите и обемот на работа. Употребата на кредит системот го олеснува градењето мостови и врски помеѓу различните форми, модели, нивоа и сектори на образование и може да биде инструмент при олеснување на пристапот, вклучувањето и доживотното учење,
- рамките на високообразовните квалификации треба експлицитно да водат до академски стандарди, до националните и институционалните системи за обезбедување квалитет, како и јавно разбирање за местото и степенот на национално признатите квалификации,
- довербата на јавноста во академските стандарди бара јавноста да ги разбира постигнувањата, претставени со различни високообразовни квалификации и звања. Оваа доверба и разбирање се зголемува со објавување извештај од соодветна институционална проверка,
- развојот и примената на национални рамки на квалификации од „нов стил" го олеснува развојот на автономни високообразовни установи, преку создавање јасни надворешни референтни точки, кои помагаат да се промовира висок квалитет, одговорни и спремни институции,
- националните рамки на квалификации треба на транспарентен начин да се во согласност со

севкупната Европската рамка на квалификации. Процесот на усогласување треба да вклучува внимателно споредување и поставување на националните квалификации (нивоата, резултатите од учењето и дескрипторите) со дескрипторите на циклуси од Европската сеопфатна рамка.

Некои земји можат да ги дефинираат рамките на квалификации на поспецифичен начин. Сепак, НР за ВОК мора да содржи нивоа засновани на одредени критериуми, а исто така мора да се обезбедат механизми за исполнување на критериумите поврзани со квалитетот и пристапноста. При дизајнирањето на НР за ВОК треба да се вклучат следните елементи:

- постоење на единствен систем од нивоа за сите квалификации,
- издавање на квалификации засновани на стандарди или резултати,
- оценување засновано на експлицитни критериуми,
- национален систем за акумулација и трансфер на кредити,
- заеднички пристап при опишување на квалфикациите,
- заеднички систем за класификација на предметите и професионалните сектори.

# 5. Дизајнирање на НР за ВОК

Рамката на високообразовните квалификации (НР за ВОК) е важна референтна точка за високообразовните установи. Целта на НР за ВОК и придружниот водич за нејзина имплементација е да им помогне на високообразовните установи да ги запазат академските стандарди; да информира за меѓународната споредливост на академските стандарди, особено во европски контекст; да обезбеди интернационална конкурентност и да ја олесни мобилноста на студентите и дипломираните. Исто така, високообразовните установи може да се повикаат на НР за ВОК во разговорите со главните засегнати страни во високото образование (идни студенти и работодавци) во врска со резултатите од учењето и описите на квалификациите кои тие ги доделуваат.

Основна премиса на НР за ВОК е дека квалификациите треба да бидат доделени врз основа на остварните резултати и постигнувања, а не врз основа на времетраењето на студиите. Клуч на оваа премиса се дескрипторите на квалификации. Дескрипторите на квалификации ги одредуваат општите резултати и атрибути за доделување на поединечни квалификации. Дескрипторите на квалификации содржани во НР за ВОК ги илустрираат резултатите и атрибутите што се очекуваат од учењето, што резултира со доделување на високообразовни квалификации. Овие резултати претставуваат интеграција на различните искуства од учењето, кои произлегуваат од определени и кохерентни студиски програми. Овие квалификации се дистинкција помеѓу завршените студенти кои развиле високи аналитички способности и широк спектар на надлежности и оние кои завршиле обука или се стекнале исклучиво со високо ниво на вештини.

НР за ВОК исто така се користи како референтна точка

при самоевалуација и надворешна евалуација на високообразовните установи. Телата надлежни за евалуација посебно проверуваат дали и како високообразовните установи ја проверуваат усогласеноста на академските стандарди на нивните дипломи со нивоата наведени во НР за ВОК и кои механизми ги користат при тоа. Во овој поглед, НР за ВОК треба да се смета како рамка, а не како круто поставен критериум.

Дизајнирањето на НР за ВОК значи креирање на рамка која ги вклучува постојните и новите квалификации. Дизајнот на НР-ВОК бара развивање на:

- рамка на нивоа со дескриптори за секое ниво,
- постапки и критериуми за акредитација и регистрирање на квалификациите од НР за ВОК, акредитација на установите за образование и обука и обезбедување дека оценувањето кое води до диплома од НР за ВОК е во согласност со националните стандарди.

# 6. Градење доверба

Успехот и прифаќањето на РК-ЕПВО зависи од довербата помеѓу сите засегнати страни. Ова може да се постигне преку еден „процес во кој секоја земја-учесничка бара да се провери компатибилноста на нејзината национална рамка со РК-ЕПВО".

Овој процес на верификација не е само едноставен приказ на квалификациите од страна на надлежниот државен орган. Со цел обезбедување на квалитетот, националните рамки мора да задоволат низа на критериуми и процедури, вклучувајќи и:

- назначување на надлежни тела од страна на министерството надлежно за високото образование, кои ќе бидат одговорни за одржување на рамката,

- јасна и докажана врска помеѓу квалификациите во националната рамка и дескрипторите на квалификации на циклусите од РК-ЕПВО,
- постоење на национални системи за обезбедување квалитет во високото образование во согласност со Берлинското коминике и сите последователни коминикеа во Болоњскиот процес, договорени од страна на министрите,
- националната рамка и секое усогласување со РК-ЕПВО, треба да е наведено во секој додаток на диплома,
- извештајот за верификација мора да се објави јавно, така што партнерите во Болоњскиот процес можат да ги видат причините зошто надлежните државни органи заклучуваат дека нивната рамка е компатибилна со Болоњската рамка. Строго се препорачува во процесот на верификација да биде вклучен најмалку еден странски експерт.

По усвојувањето на РК-ЕПВО во 2005 година, беше формирана друга работна група. Разни семинари и други активности беа организирани со цел да им се помогне на земјите да развијат и имплементираат национални рамки. Во 2007 работната група заклучи дека РК-ЕПВО и процедурите и критериумите за утврдување на компатибилноста на националните рамки на квалификации со Болоњската рамка се соодветни и ја исполнуваат својата цел. Групата даде голем број на препораки кои земјите треба да ги земат предвид при процесот на верификација. Препораките се дадени во Прилог 4.

# 7. Национална рамка на високообразовните квалификации во Р.Македонија (НР-ВОК во РМ )

Високообразовните установи, студентите и работодавците во Република Македонија работат и се натпреваруваат во европски и меѓународен контекст. Рамката на високообразовните квалификации во Република Македонија е дизајнирана да одговори на очекувањата на Болоњската декларација, а со тоа е усогласена со *Рамката на квалификации на европскиот простор на високо образование, РК-ЕПВО* (*The Framework for Qualifications of the European Higher Education Area,* FQ-EHEA).

Националната рамка на високообразовните квалификации, со која поблиску се определуваат профилот, целите и појдовните основи за формирањето на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за стручното образование пократко од три години, во Република Македонија, е утврдена со *Уредба за Националната рамка на високообразовните квалификации* („Службен весник на Република Македонија“ бр.154 од 30.11.2010) [24], донесена од Владата на Република Македонија.

Според **Член 2** од **Уредбата**,

*Националната рамка на високообразовните квалификации (во натамошниот текст: Националната рамка) претставува единствен меѓународно препознатлив опис, на ниво на националниот високообразовен систем, со кој се опишуваат сите меѓусебно поврзани високообразовни квалификации и резултати од учењето и се определуваат*

*односите помеѓу високообразовните квалификации.*

*Националната рамка е задолжителен национален стандард со кој се уредуваат начините за стекнување и користење на високообразовните квалификации во Република Македонија.*

*Националната рамка е инструмент за воспоставување на високообразовните квалификации стекнати во Република Македонија со кој се даваат основите за прегледноста, пристапот, проодноста, стекнувањето и квалитетот на квалификациите.*

## 7.1. Основи на НР на ВОК во РМ

Дизајнирањето на Националната рамка на високообразовните квалификации во Република Македонија се темели на „Сеопфатната рамка на квалификации во ЕПВО“ (РК-ЕПВО), компатибилна со Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК). Духот на Лисабонската конвенција за признавање (Lisbon Recognition Convention, LRC), ратификувана од страна на Македонија во 2003 година, се рефлектираше во следните три нови закони донесени од Собранието на Република Македонија во последните неколку години:

- Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/08)
- Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08)
- Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06).

## 7.2. Методологија за дизајнирање и имплементирање на НР-ВОК во РМ

Процесот на дизајнирање и имплементација на Национална рамка на високообразовните квалификации во Република Македонија ја следи препораката од *ДЕСЕТ ЧЕКОРИ* дадена во Извештајот за развој и сертификација на НРК, кој Болоњската работна група за рамка на квалификации го поднесе на Конференција на Болоњскиот процес во Лондон, 2007 година (Прилог 3). Во продолжение се прикажани активностите преземени за реализација на препораката од ***ДЕСЕТ ЧЕКОРИ***, испишани со следните бои зависно од фазата на нивна реализација:

- Завршени активности
- Преземени и делумно завршени активности
- Следни активности.

### *ПРВ ЧЕКОР*

**Одлука за почеток**: *Се презема од страна на национален орган надлежен за работите на високото образование - Министер.*

Одлуката за почеток беше донесена од страна на националниот орган надлежен за работите на високото образование во Република Македонија - Министерот:

- според Член 99 од Законот за високото образование, на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование, Владата на Република Македонија донесува уредба за националната рамка

на високообразовните квалификации;

- во Декларацијата за усогласување со законодавството на ЕУ, потпишана од од страна на Министерот за образование во 2008 година, има дел кој се однесува на НРК;
- Министерството за образование и наука одобри два меѓународни проекти во областа на квалификациски рамки:
    - o TEMPUS структурна мерка за НРК – Дизајнирање и имплементација на НРК,
    - o EU CARDS проект – Техничка помош за Министерството за образование и наука во областа на доживотно учење.

### *ВТОР ЧЕКОР*

**Поставување агенда**: *Цели на нашата НРК*

За да се стекне довербата на јавноста во академските стандарди, потребно е јавноста да се запознае со постигнувањата и предностите што ги нудат високообразовните квалификации.

Постојат две главни групи на причини за развој на национална рамка на високообразовни квалификации:

- промовирање на доживотното учење (правејќи ги правците за напредување полесни и појасни / подобрувајќи ја мобилноста на студентите и дипломираните), и
- обезбедување на квалитет и признавање (обезбедувајќи меѓународно признавање на националните квалификации).

Според **Член 3** од **Уредбата**, целите на Националната рамка на ВОК во Р. Македонија се:

- *да им овозможи на високообразовните установи, работодавците, родителите, идните студенти и останатите да ги разберат постигнувањата и особеностите на стекнатото звање и начинот на кој квалификациите се поврзани меѓусебно;*
- *да обезбедува поддршка на високообразовните установи, студентите и останатите при разјаснувањето на потенцијалните правци за напредувањето и преносот на кредитите особено во контекст на поширокото учество во процесот на доживотно учење;*
- *да одржува споредливост на нормативите, стандардите и методологијата, особено на оние прифатени на единствениот простор за високо образование, да осигурува меѓународна конкурентност и да ја олеснува мобилноста на студентите и дипломираните;*
- *да помогне на високообразовните установи во постапката на надворешното оценување на квалитетот преку донесување на појдовните точки за воспоставувањето и определувањето на академските стандарди.*

На Националната рамка за ВОК може да се гледа како на јавно достапен регистар на сите квалификации кои се признаваат, потврден на територијата на Република Македонија. Во поглед на признавањето на резултатите од континуираното образование, НР - ВОК е развиена во согласност со Законот. Целта на НР–ВОК во РМ е овој закон да се стави во сила.

Според тоа, целта на НР–ВОК во РМ е да се создаде такво опкружување во општествениот систем, кое ќе поддржува споредливост на резултатите од учењето стекнати низ различни форми на учење (што овозможува да се признаваат вистински знаења и вештини без оглед на тоа

како тие се стекнати), трансфер на потребите на пазарот на труд во образованието и обуката (образование и обука прилагодени на потребите на пазарот на труд), јавна свест за сите национално признати квалификации, како и споредливост на квалификациските нивоа во Р. Македонија со оние во ЕУ.

НР–ВОК во РМ нема цел:

- да ги замени постоечките квалификациски и образовни системи (НР–ВОК во РМ треба да се стреми истите да ги направи меѓусебно поврзани, транспарентни, кохерентни и да ги дополни со системски алатки што недостасуваат, на пр., стандарди за квалификации и оценување),
- да претставува компликација за граѓаните (од административна гледна точка). НР–ВОК во РМ не треба да претставува пречка за луѓето, туку напротив, НР–ВОК во РМ треба да им понуди можност за потврдување на квалификациите.

Според тоа, НР–ВОК во РМ треба да им овозможи на високообразованите установи да им ги претстават постигнувањата и предностите што ги нудат соодветните високообразовни квалификациски звања, на работодавците, идните студенти, соодветни владини агенции / тела и други субјекти.

## *ТРЕТ ЧЕКОР*

**Организирање на процесот**: *Идентификување на засегнатите страни*

Партнерите во гореспоменатиот проект спроведоа детална анкета преку која беа идентификувани засегнатите страни (чинители):

- сите високообразовни установи (јавни и приватни)

во Р. Македонија,

- Министерството за образование и наука,
- Одборот за акредитација и евалуација,
- Министерството за труд и социјална политика,
- работодавците,
- учениците и студентите,
- синдикатите,
- стопански комори,
- ЕУ, итн.

### *ЧЕТВРТ ЧЕКОР*

**Дизајнирање профил**: *Структура на нивоа, дескриптори на нивоа (резултати од учењето), опсег на кредити*

Со цел да се дизајнира структурата на нивоата, собрани се податоци од сите акредитирани високообразовни установи во Р. Македонија, утврдени од страна на Одборот за акредитација. Извршена е анализа на следните податоци релевантни за дизајнирање на профилот на рамката:

- поле на квалификациите што се доделуваат,
- име на факултетот / одделот,
- тип на студии,
- студиска програма (име, циклус, години на траење, ЕКТС),
- профил на дипломата – квалификации.

Од анализата на податоците беше констатирано дека сите високообразовните установи во Р. Македонија организирале студии според "Болоња" нивоата / циклусите на студии. Бројот на кредити според ЕКТС варира, како што е прикажано во Табела 7.1.

*Табела 7.1. Број на кредити според ЕКТС во РМ*

| | **Прв циклус** | **Втор циклус** | **Трет циклус** |
|---|---|---|---|
| **Ниво** | Дипломиран | Магистер | Доктор |
| **Кредити** | 180 ЕКТС и 240 ЕКТС | 60 ЕКТС, 90 ЕКТС, 120 ЕКТС | Неколку акредитирани програми според Болоња |

Направена е компаративна анализа на рамката на квалификации во високото образование во Р. Македонија пред и по Болоња и истата е даден во следната табела:

*Табела 7.2. Компаративна анализа на РК во ВО во РМ пред и по Болоња*

| **Ниво во НР на ВОК пред Болоња** | **Високо образование** | **Ниво во Европската рамка (за високо образование)** |
|---|---|---|
| VIII | Доктор на науки | Ниво 8<br>најмалку 3 години |
| VII/2 | Магистер | Ниво 7<br>60-120 ЕКТС |
| VII/1 | Високо образование | Ниво 6<br>180 – 240 ЕКТС |
| VI | Вишо образование | Ниво 5<br>Кратки циклуси |

Националната рамка на ВОК во РМ е дизајнирана врз основа на резултатите добиени од извршената анализа на податоците и од компаративната анализа. Имајќи го предвид

нивното значење, рамката и соодветните дескриптори за секое ниво во НР на ВОК детално се прикажани во деловите 7.3. и 7.4. од овој Водич, соодветно.

### *ПЕТТИ ЧЕКОР*

*Консултациска дискусија на национално ниво и прифаќање на дизајнот од страна на засегнатите страни*

Предложениот дизајн на НР на ВОК во РМ, заедно со дескрипторите на нивоата беа прикажани на работилница одржана на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во февруари 2010 година. На работилницата беа поканети најважните засегнати страни, при што беше развиена широка дискусија. Специјално за оваа работилница беше изготвен прашалник и истиот беше дистрибуиран меѓу учесниците, со цел да се добијат забелешки, коментари и препораки во врска со предложената нацрт-верзија на рамката и дескрипторите на нивоата. Потоа, земајќи ги предвид забелешките добиени во писмена форма од засегнатите страни, коментарите од работилницата и одговорите на прашалникот, во мај 2010 и двата документи беа понудени на Министерството за образование и наука за прифаќање и натамошно озаконување на рамката.

### *ШЕСТИ ЧЕКОР*

*Одобрување, согласно националната традиција, од страна на Министерот / Владата / Законодавството*

Во ноември 2010 година, од страна на Владата на РМ, донесена е *Уредба за националната рамка на високообразовните квалификации* и истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.154 од 30.11.2010.

## *СЕДМИ ЧЕКОР*

*Административна распределба на задачи меѓу високообразовните установи, Агенција за обезбедување квалитет и други органи.*

Имплементацијата на НР-ВОК во РМ ќе бара координирана и заедничка работа на голем број тела, вклучувајќи ги и главните сектори на високото образование во Р. Македонија, како и широк спектар на други органи како што се професионални и статутарни тела, работодавците, студентите и сл. Овие организации и групи треба да согледаат како најдобро да работат заедно, со цел да се развие заеднички национален план за имплементацијата на НР-ВОК во РМ за поддршка на учењето.

За да се постигне оваа цел, потребно е да се преземат следните активности:

- информирање на учениците, на јавноста и на работодавците за имплементацијата и карактеристиките на новата НР-ВОК во РМ,
- договор за широко прифаќање на НР-ВОК и препораки за бројот на кредитите и за нивоата,
- договор помеѓу различните клучни национални, регионални и локални органи во поглед на временската рамка за целосно прифаќање на НР-ВОК во нивните различни сектори,
- развој на договори со кои сите други оценувани резултати од учењето може да се признаат како кредити,
- развивање на јасни правци за напредување и пренос на кредитите, и артикулација на програмите.

Според апликацијата за ТЕМПУС проектот (2009-2012), со цел успешна имплементација на НР-ВОК во РМ, беше предвидена и реализиацја на следните активности:

- воспоставување на национално тело / агенција одговорна за НР на ВОК во РМ, кое ќе обезбедува квалитет во имплементацијата на НРК, ќе ги промовира и применува начелата за обезбедување на квалитет на образованието и обуката, ќе биде во тек со политичките одлуки, ќе соработува со факултетите и слично,
- воспоставување на национални координативни точки за поддршка на процесот на имплементацијата на НР на ВОК во РМ (задачите вклучуваат давање насоки на заинтересираните страни - чинителите, дипломираните студенти, работодавците, поттикнување на нивно учество во процесот),
- обучување на административниот персонал како да обезбеди логистичка поддршка / помош на студентите со цел правците на напредување низ студиите да ги направи полесни и појасни со што ќе се подобри мобилноста на студентите и дипломираните и ќе се обезбеди меѓународно признавање на националните квалификации.

Со цел да се воспостави национално тело/агенција одговорна за НР за ВОК во Р. Македонија, Министерството за образование и наука, формира одделение за признавање и еквиваленција на високообразовните квалификации, со четворица вработени, финансирано од Министерството за образование и наука.

За поддршка на процесот на имплементација на НР за ВОК воспоставени се пет национални координативни точки во пет високообразовни установи во Р. Македонија, кои се наречени канцеларии за вработување или центри за кариера при: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и на Државниот универзитет - Тетово. Со цел да им се

обезбеди логистичка поддршка/помош на студентите за олеснување и разјаснување на правците на прогресија, по еден претставник од административниот персонал од секоја канцеларија беше обучен на Универзитетот во Линкопинг, Шведска.

## *ОСМИ ЧЕКОР*

*Имплементација на институционално ниво / на ниво на програма; Преформулација на одделните студиски програми преку пристап заснован на резултатите од учењето.*

Според **Член 14,** *високообразовните установи треба да подготват специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за одделна студиска програма од соодветниот циклус на студии, и истите да ги достават до министерството надлежно за работите на високото образование, како и да ги објават на своите интернет страници.*

Преформулацијата на одделните студиски програми преку пристап заснован на резултатите од учењето започна во декември 2010 година. За олеснување на процесот, работната група на Темпус проектот ги изготви дескрипторите на резултатите од учењето за пет конкретни студиски програми во различни подрачја на студии:

- Техничко-технолошки науки - Електротехника (прв и втор циклус)
- Медицински науки и здравство – за Фармација (прв, втор и трет циклус) и за Медицински сестри (прв циклус)
- Биотехнички науки - Земјоделство (прв и втор циклус)
- Општествени науки - Психологија (прв и втор циклус)
- Техничко-технолошки науки – Компјутерска техника и информатика (прв и втор циклус).

## *ДЕВЕТТИ ЧЕКОР*

*Вклучување на квалификации во НРК; Акредитација или слично (на пр. Берлинското коминике).*

Македонскиот национален систем за обезбедување квалитет беше преиспитан согласно Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет на високото образование на европскиот простор (ESG - Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area), и официјално беше прифатен во јули 2007 година.

Според апликацијата за ТЕМПУС проектот (2009-2012), со цел успешна имплементација на НР на ВОК во РМ, предвидена е реализиација и на следната активност:

*Дизајнирање на матрица за оценка на квалитетот, чија цел е контрола на критериумите за акредитација и регистрација на една квалификација во НРК согласно националните стандарди*.

Одборот за акредитација и евалуација на Република Македонија, на седницата одржана на 31.10.2011год. усвои збир на обрасци за стандардизирање на задолжителните компоненти кои треба да ги содржат студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии. Тој исто така, усвои и образец за предметните програми, како и образец со податоци за професорот кој го предава дадениот предмет, Сл. весник бр 154 од 04.11.2011.

## *ДЕСЕТТИ ЧЕКОР*

Самопотврдување *на компатибилноста со рамката на ЕПВО (Усогласување со Болоњските циклуси итн.)*

Процесот на самопотврдување на компатибилноста со рамката на ЕПВО треба да ги следи препораките и предлозите дадени од страна на Болоњската работната група за квалификациски рамки (Прилог 4).

Во овој контекст, своја улога имаат и системот за обезбедување на квалитет, како и критериумите и постапките за верификација на компатибилноста.

## 7.3. Позиционирање на квалификациите во НР-ВОК во РМ

При позиционирањето на високообразовните квалификации во НР-ВОК, високообразовните установи сакаат да ја уверат јавноста дека постигнувањата прикажани преку квалификациите се соодветни и прикажани доследно. Високообразовните установи се одговорни да покажат дека секоја од нивните квалификации е поставена на соодветно ниво од НР-ВОК.

При дизајнирање и одобрување на програмите, високообразовните установи се стремат да обезбедат кохерентност во образованието. Покрај тоа, во интерес на високообразовните установи е ги земат предвид законските и други барања на надлежни владини агенции / тела кои ги акредитираат конкретните професионални програми – Одборот за акредитација и евалуација.

Позиционирањето на квалификациите во НР на ВОК во Р. Македонија е регулирано со членовите 7, 8, 9 и 10 од Уредбата:

**(Член 7)** *Називите на квалификациите се определуваат на начин кој овозможува нивното вклопување во Националната рамка да биде разбирливо за сите засегнати чинители и се во согласност со Класификацијата на научно–истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација дадена во прилог на Уредбата за нормативи*

*и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високобразовна дејност.*

*За високообразовните квалификации во Република Македонија се води Регистар од страна на министерството надлежно за работите на високото образование.*

**(Член 8)** *Определувањето на нивото на постојните и новите квалификации во Националната рамка се врши врз основа на резултатите од учењето определени за дадената квалификација.*

*Група од различни квалификации, стекнати во различни научни подрачја на студирање, може да се поставaт на исто ниво во Националната рамка ако ги исполнуваат општите критериуми за резултатите од учењето за тоа ниво.*

*Студиските програми можат да бидат од различно или исто научно подрачје, изведени со различни предмети, но такви да му овозможуваат на студентот да се стекне со знаења, вештини и компетенции, специфични за дадениот циклус кои го подготвуваат за влез во следниот циклус на студии или му даваат можност за вработување на одредени стручни работни места.*

*Нивото на квалификацијата се утврдува и со исполнување на условот за минималниот број на кредити за даденото ниво. Вкупниот број на кредити за секоја квалификација јасно и недвосмислено се наведува во квалификацијата.*

**(Член 9)** *Студиската програма за која се доделува квалификацијата овозможува споредба со други квалификации, ја дефинира целната група за која е наменета квалификацијата и ги определува резултатите од учењето во облик на општи дескриптори на квалификацијата за целата студиска програма и*

*специфични дескриптори на квалификацијата за секој предмет во рамките на студиската програма.*

**(Член 10)** *Квалификациите се состојат од задолжителни предмети со кои се определуваат основните знаења и вештини и изборни предмети како дополнување на посебните вештини стекнати со задолжителните предмети.*

*Факултативните предмети кои се сметаат за потребни за одредени работни места не се неопходни за доделување на квалификацијата.*

*За секоја квалификација јасно се наведува структурата на соодносот на предметите.*

Нивоата на НР-ВОК во Р. Македонија се прикажани во табела 7.3. За потребите на овој документ, ќе биде користен терминот "ниво".

Нивоата во НР-ВОК претставуваат групи на квалификаци кои споделуваат слични очекувања за постигнувањата. НР-ВОК во РМ има три нивоа VI, VII и VIII, како и краток циклус, нивото V, поврзано со првиот циклус. Секое од нивоата V, VI и VII е поделено на две поднивоа.

Рамката мора да им овозможи на корисниците да ги утврдат односите меѓу македонските квалификации и нивоата на НР-ВОК. По разгледувањето на дескрипторите и информациите за секое ниво во НР-ВОК, се одредува и врската помеѓу нивоата на НР-ВОК и нивоата во ЕРК. Табелата 7.3, исто така, ја прикажува и врската помеѓу нивоата и циклусите на студии во НР-ВОК во РМ.

*Табела 7.3. Нивоа во НР-ВОК во Р. Македонија*

| Ниво во Националната рамка на ВО квалификации | | Високо образование | Ниво во Европската рамка (ВО квалиф.) |
|---|---|---|---|
| VIII | | III циклус на студии<br>Докторски студии | 8 |
| VII | VIIA | II циклус на студии<br>Магистерски академски студии | 7 |
| | VIIБ | II циклус на студии<br>Специјалистички студии | |
| VI | VIA | I циклус на студии<br>Универзитетски студии 240 кредити<br>Стручни студии 240 кредити | 6 |
| | VIБ | I циклус на студии<br>Универзитетски студии 180 кредити<br>Стручни студии 180 кредити | |
| V | VA | Стручни студии од 60 до 120 кредити<br>Кратки циклуси во рамките на првиот циклус | 5 |
| | VБ | Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60ЕКТС | |

НР-ВОК нема да ги замени постоечките системи на квалификации и образовние, туку ќе настојува да ги направи меѓусебно поврзани, потранспарентни и кохерентни.

Во табела 7.4 се дадени степените на високо образование стекнати пред да стапи во сила овaа Уредба, споредени со нивоата во НР-ВОК.

*Табела 7.4. Споредба на степените на високото образование пред и по Уредбата*

| Ниво во Националната рамка на ВО квалификации | VIII | VII | | VI | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIA | VIIБ | VIA | VIБ | VA | VБ |
| Поранешни степени | VIII | VII/2 | | VII/1 | | VI | |

## 7.4. Дескриптори на квалификации

Овој дел дава детални информации за дескрипторите на квалификации за секое ниво во рамката. Секое ниво е илустрирано со, и секоја диплома што се доделува е одредена со повикување на дескриптори на квалификација.

За да се создаде НР-ВОК во РМ како еден лесно разбирлив и применлив систем, кој ќе овозможи да се споредат и признаат резултатите од учењето, потребно е резултатите да се опишат:

- на стандардизиран начин;
- преку наједноставна структура;
- користејќи елементи што лесно ќе се менуваат кога се прават различни дополнувања и ажурирања.

Квалификациите мора да бидат опишани на стандардизиран начин со цел НР-ВОК во РМ да ги исполни своите поставени цели. Барањата за секоја квалификација треба да се опишат во квалификациски стандарди: критериуми и процедури за верификација на резултатите од учењето во стандардите за оценување.

Системот на дескриптори на квалификации претставува столб на НР-ВОК. Развојот на овие дескриптори се заснова врз фактот дека тие мора да бидат осмислени на едноставен и јасен начин. Ако НР-ВОК е посложена, тогаш таа ќе е помалку транспарентна, па според тоа ќе е многу тешко да се имплементира и прифати.

Според **Член 5 од Уредбата:**

*Дескриптор на квалификација, во смисла на оваа уредба, преставува опис односно мерлив показател на резултатите од учењето и постигнувањата за кои се оценува студентот и кои за доделената квалификација, студентот треба да биде оспособен да ги покаже.*

*Националната рамка има општи дескриптори на квалификациите за секој циклус на студии што ги одразуваат вообичаените вештини и постигнувања на студентот и се однесуваат на квалификациите кои означуваат завршување на одреден циклус на студии.*

*Специфичните дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечната студиска програма од соодветниот циклус на студии ги подготвува високообразовната установа.*

*Податоците за стекнатите вештини и постигнувањата на студентот, како и користењето на квалификацијата се соопштуваат во додатокот на дипломата.*

Дескрипторите на квалификациите во НР-ВОК одразуваат пет различни нивоа на интелектуални постигнувања поврзани со типичните високообразовни

квалификации што ги доделуваат високообразовните установи во Република Македонија, согласно нивните овластувања.

*Описот на резултатите од учењето за одредено ниво на квалификација се изразува со следните дескриптори на квалификациите* (**Член 6**)*:*

- *знаење и разбирање,*
- *примена на знаењето и разбирањето,*
- *способност за проценка,*
- *комуникациски вештини, и*
- *вештини на учење.*

Дескрипторите ја илустрираат природата и карактеристиките на главната квалификација на секое ниво, а споредувањето ја покажува природата и карактеристиките на градацијата помеѓу квалификациите на различни нивоа. Тие обезбедуваат јасни референтни точки на секое ниво и ги опишуваат резултатите, покривајќи голем дел од постоечките квалификации. Сепак, НР-ВОК е флексибилна и дава можност за разновидност и иновации, како и за воведување на нови квалификации, доколку се појави потреба за тоа.

### Дескриптор на високообразовна квалификација на ниво 5: Краток циклус на студии

Квалификации кои означуваат успешно завршување на краток циклус на студии (60–120 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

- Знаење и разбирање
  - Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;

- o Поседува знаење кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус;

- Примена на знаењето и разбирањето
  - o Способност за практична и професионална примена на знаењето и разбирањето;
- Способност за проценка
  - o Способност да пребарува, идентификува и користи податоци за да формулира одговори и решенија на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми;
- Комуникациски вештини
  - o Способност да општи за конкретни апстрактни проблеми, вештини и активности со колеги, со претпоставени и клиенти;
- Вештини на учење
  - o Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност.

### Дескриптор на високообразовна квалификација на ниво 6:

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус на студии (180–240 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификации:

- Знаење и разбирање
  - o Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични,

концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;
    - Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;
    - Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии.

- Примена на знаењето и разбирањето
    - Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;
    - Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми;
    - Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање;

- Способност за проценка
    - Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи, концепти од соодветни податоци;
    - Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти;
    - Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.

- Комуникациски вештини
    - Способност да општи и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност;

- Презема поделена одговорност за колективни резултати;
- Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.

- Вештини на учење
  - Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.

## Дескриптор на високообразовна квалификација на ниво 7:

Квалификации кои означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60–120 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификации:

- Знаење и разбирање
  - Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање), кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;
  - Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење;
  - Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња;
  - Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни

полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле.

- Примена на знаењето и разбирањето
  - Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;
- Способност за проценка
  - Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето;
  - Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;
  - Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.
- Комуникациски вештини
  - Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено;
  - Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности.
- Вештини на учење
  - Способност за препознавање на личната

потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;

- o Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување.

## Дескриптор на високообразовна квалификација на ниво 8:

Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификации:

- Знаење и разбирање
  - o Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди;
- Примена на знаењето и разбирањето
  - o Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;
  - o Дава придонес преку оригинални истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни рецензирани публикации;
- Способност за проценка
  - o Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка;

- Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;
- Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;

- Комуникациски вештини
  - Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза;
- Вештини на учење
  - Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење.

## 7.5. Потврдување на компатибилноста на НР на ВОК во РМ со РК на ЕПВО

НР на ВОК, која не е компатибилна со РК на ЕПВО на кохерентен начин, нема да ги исполни очекувањата на студентите за транспарентност и мобилност на единствениот европски простор за високо образование, каде квалификациите се лесно препознатливи и на меѓународно ниво. Затоа, начинот на кој националните рамки се усогласени со сеопфатната рамка е од најголемо значење.

Со цел да се овозможи праведно признавање, неопходно е странските партнери да стекнат доверба дека националните квалификации и во пракса соодветствуваат на нивото за кое истите се дадени. Во овој контекст, системот за

обезбедување на квалитет, и покрај тоа што тој е организиран на национално ниво, има посебна улога.

### 7.5.1. Обезбедување на квалитет и националните рамки на квалификации во контекст на ЕПВО

Мобилноста на кадарот и студентите воведе меѓународен елемент во обезбедувањето на квалитет, иако повторно тоа се базира претежно на национални контексти.

Развојот на Болоњскиот процес со себе носи зголемени очекувања во поглед на единствен меѓународен "пазар" за студентите, вработените и работодавците. Успешноста на овој процес, неизбежно налага "доверба" во многу поширок контекст, а особено ги зголемува очекувањата за поголема транспарентност во поглед на националните квалификации, нивните стандарди и обезбедувањето на квалитет.

Ваков збир на заеднички и споделени начела за првпат се појавува во рамките на Болоњскиот процес. Овие начела значат поддршка за обезбедување на квалитет, без оглед на различните национални приоди. Овие заеднички основи за обезбедување на квалитетот во детали се опишани во рамките на „стандарди, процедури и насоки" развиени од страна на Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (European Network for Quality Assurance in Higher Education, ENQA), Европската асоцијација на универзитети (European University Association, EUA), Европската асоцијација на институции во високото образование (European Association of Institutions in Higher Education, EURASHE) и Европската студентска унија (European Students Union, ESU), а презентирани од министрите за образование во нивното Берлинско коминике. Во рамките на Берлинското коминике, министрите се обврзаа националните системи за обезбедување на квалитет до 2005 година да исполнат четири минимални критериуми.

Националните системи за обезбедување на квалитет треба да опфатат:

- дефиниција на надлежностите на органите и институциите кои се вклучени;
- евалуација на програми или институции, вклучувајќи и внатрешно оценување, надворешна ревизија, учество на студентите и објавување на резултатите;
- систем на акредитација, сертификација или постапки за споредливост;
- меѓународно учество, соработка и вмрежување.

### 7.5.2. Критериуми и процедури за потврдување на компатибилноста на националните рамки со рамката на квалификации на ЕПВО

За потврдување на компатибилноста на националните рамки со рамката на квалификации на ЕПВО, од страна на Работната група за квалификациски рамки, предложени се следниве критериуми:

- националната рамка на високообразовните квалификации и телото или телата одговорни за нејзиниот развој да се назначуваат од страна на националното министерство надлежно за работите на високото образование,
- да постои јасна и видлива врска помеѓу квалификациите во националната рамка и квалификациските дескриптори на даден циклус на Европската рамка,
- националната рамка и нејзините квалификации да се јасно засновани на резултатите од учењето, и квалификациите да се поврзани со ЕКТС или со кредити компатибилни со ЕКТС,

- процедурите за вклучување на квалификации во националната рамка да се транспарентни,
- националниот систем за обезбедување квалитет на високото образование да се повикува на националната рамка на квалификации и да е во согласност со Берлинското коминике и сите последователни коминикеа договорени од страна на министрите во Болоњскиот процес,
- националната рамка и сите усогласувања со Европската рамка да се наведени во секој Додаток на диплома,
- одговорностите на домашните институции надлежни за националната рамка да се јасно определени и објавени.

Важно е да се спроведе процесот со кој секоја земја ќе ја потврди компатибилноста на својата рамка со сеопфатната рамка.

Соодветно, следејќи го ова начело, предложени се следните процедури за самопотврдување на компатибилноста:

- самопотврдување на компатибилноста на националната рамка со Европската рамка да го спроведува надлежно национално тело / тела,
- процесот на самопотврдување да вклучува изјава за согласност од националното тело надлежно за обезбедување на квалитет по прашањето за признавање преку Болоњскиот процес,
- процесот на самопотврдување да вклучува меѓународни експерти,
- извештајот за самопотврдувањето, кој треба да го содржи одделно секој од поставените критериуми, да се објави,

- ENIC и NARIC мрежите ја ажурираат јавната листа на држави кои потврдиле дека го комплетирале процесот на самопотврдување,
- комплетирањето на процесот на самопотврдување да се наведе во Додатокот на диплома што после тоа ќе се издаде, каде ќе се покаже поврзаноста помеѓу националната рамка и Европската рамка.

Само откако ќе се заврши процесот на самопотврдување, може да се направи врска помеѓу делот 8 од Додатокот на дипломата „Информации за системите на високо образование“ и Општата рамка за квалификации на ЕПВО. Рамката на квалификациите е утврдена како клучна алатка за обезбедување на единствен европски простор на високото образование.

Според **Член 12** од **Уредбата,**

*Секоја квалификација во Националната рамка треба да биде компатибилна со соодветната квалификација од Европската рамка на високообразовни квалификации (РК-ЕПВО).*

*Постапката на потврдување на компатибилноста на Националната рамка со Европската рамка на високообразовни квалификации (РК-ЕПВО) се изведува најмалку на секои пет години.*

# 8. Заклучоци и идни аспекти во имплементацијата на НР-ВОК

Сите земји членки на европскиот простор за високо образование се обврзаа да развијат национални рамки на квалификации во согласност со сеопфатната рамка на европскиот простор за високо образование до 2010 година. Оваа обврска е преземена во 2005 година, а аналитичкиот извештај од 2007 година оправдано покажа дека на тоа поле останува значителна работа.

Националните рамки на квалификации ги опфаќаат сите образовни квалификации, или сите високообразовни квалификации во образовниот систем, што зависи од политиката на секоја земја. Тие покажуваат што се очекува од студентите да знааат, да разбираат и да се способни да направат по стекнувањето на дадена квалификација (резултати од учењето), како и колку квалификациите се поврзани во рамките на системот, што значи како студентите можат да преминуваат од една во друга квалификација во рамките на образовниот систем.

Националните рамки на високообразовните квалификации ги развиваат надлежни државни органи. Иако тоа е во надлежност и е одговорност на државните органи кои се одговорни за високообразовниот систем во земјата, сепак за рамката да биде успешна, неопходно е учеството на голем број на засегнати страни, вклучувајќи ги и високообразовните установи, студентите, вработените и работодавците. Затоа, за да се обезбеди доверба меѓу засегнатите страни и доверба во интегритетот на донесената рамка, потребни се многу консултации при развивањето на националната рамка на квалификаци.

Голем број на значајни промени се случуваат во системот на квалификации во Република Македонија во последните неколку години. Најзначајно е воведувањето на

Националната рамка на високообразовните квалификации, НР-ВОК. Таа на прво место ги става потребите на студентите и ја поддржува националната цел за движење низ „високообразовното општество“. Транспарентната природа на НР-ВОК треба да им овозможи на студентите да ги споредат и спротивстават квалификациите, да го планираат своето образование и обука и напредувањето во кариерата. Таа треба да им помогне на работодавците да го препознаат и разберат нивото и стандардот на квалификацијата, дејствувајќи како алатка за да се утврдат квалификациите кои "најсоодветно одговараат" на конкретните потреби. Меѓународната димензија на овој развој е важна од индивидуален и економски аспект.

Процесот на развој на национална рамка може да се сумира во 10 основни чекори, дадени во Прилог 3. Редоследот на тие чекори не мора да е ист за секоја земја.

По развањето на националната рамка на квалификации, таа треба да се тестира, а потоа да се самопотврди. Самопотврдувањето е процес со кој надлежните органи на земјата потврдуваат дека националната рамка на квалификации е компатибилна со сеопфатната европска рамка на високообразовните квалификации (РК – ЕПВО). Процесот на самопотврдување треба да вклучува и странски експерти.

По завршувањето на процесот на самопотврдување, треба да се објават извештаи од самопотврдувањето за тие да им се достапни на партнерите од европскиот високообразовен простор.

Согласно **Член 12** од *Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации, постапката на потврдување на компатибилноста на Националната рамка со Европската рамка на високообразовни квалификации (РК-ЕПВО) се изведува најмалку на секои пет години.*

Според **Член 14,** *високообразовните установи треба да подготват специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечната студиска програма од соодветниот циклус на студии, да ги достават до министерството надлежно за работите на високото образование, како и да ги објават на своите интернет страници. Одредбата од член 14 на оваа уредба ќе отпочне да се применува шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.* (Член 15)

Следниот извадок од Извештајот на Работната група за квалификациони рамки, од 2007 година, [12], ги претставува најважните препораки кои треба да ги земат во предвид земјите при процесот на потврдување на компатибилноста на рамката. Комплетната листа на процедурите и критериумите се дадени во прилог 4. Во продолжение се дадени некои корисни препораки од Работната група поврзани со спроведувањето на процедурите и критериумите.

**Процедури:**

- *При развивање на своите национални рамки, земјите треба да ја запазат потребата за усогласување на Националната рамка со Болоњската рамка, при тоа имајќи во предвид дека процесот на развивање на рамкта и последователното усогласување се одделни процеси;*

- *Земјите треба да обезбедат механизми на испитување на имплементацијата на националната рамка пред да се заокружи процесот на нејзино усогласување со Болоњската рамка;*

- *Во процесот на потврдување може да е корисна соработката на мали групи на земји;*
- *Доколку некои земји имаат договори за признавање на квалификациите со други земји, понекогаш надвор од Европа, Работната група сугерира консултации од страна на земјата која ја усогласува националната рамка со Болоњската рамка со која и да е земја со која има договор за признавање на квалификации. Понатаму, земјите кои имаат традиција на мобилност на носителите на дипломи во други (најчесто соседни) земји би можеле да дискутираат за кој и да е процес на усогласување со тие земји или да вклучат колеги од тие земји во својот процес на усогласување;*
- *Моделот на мала раководна група, надополнет со консултација со засегнатите чинители врз транспарентна основа е добар модел за сите земји. Истовремено, Работната група укажува дека различни модели можат да се успешни во различни земји;*
- *Важно е кога се започнува со еден процес на потврдување да е јасно зошто се бара одредена согласност на некои засегнати чинители;*
- *Добар пример е начинот на кој Шкотска и Ирска вклучија меѓународни експерти во својата работа преку членство во раководната група;*
- *Има прашања кои треба да се разгледаат во иднина во врска со расположивоста и финансирањето на*

*експертите кои би им помагале на земјите во нивните процеси на потврдување на рамката. Ќе има јазични предизвици, особено кога процесот се спроведува на националниот јазик чија употреба не е широко распространета низ Европа и, секако на овој развоен стадиум на националната рамка, нема значаен број на потенцијални експерти кои се на располагање. Една можност која Работната група ја предлага, е Советот на Европа да им помага на некои земји во пронаоѓање на потенцијалните меѓународни експерти за националните процеси за потврдување на компатибилноста на рамката;*

- *Форматот на шкотските и ирските извештаи може да се земе како пример за формати на извештаите на другите земји;*
- *Од процесот на самопотврдување треба да произлезат два резултата:*
    - o *Првиот е детален документ за потврдување на компатибилноста на рамката во кој детално се анализираат сите прашања со осврт врз сите критериуми и процедури;*
    - o *Вториот е едноставен преглед на резултатите за запознавање на пошироката јавност;*
- *Секој следен процес на усогласување треба да го земе предвид секое претходно спроведено усогласување.*

**Критериуми** (забелешка: работната група не дала препораки во однос на критериумите 3, 4, 6 и 7):

Критериум 1 – Националната рамка на високообразовните квалификации и телото или телата одговорни за нејзин развој се дефинирани од националното министерство надлежно за високото образование.

- *Иако немаше некои посебни прашања во врска со назначувањето на тело одговорно за рамката во Ирска и Шкотска, ова може да е проблем кај други земји. За таквите земји, националните актери кои го иницираат развојот на рамката може да не се исти со телото кое на крајот ќе биде одговорно за рамката. Ова е природен развој кој не ја поткопува крајната законитост на рамката и кој евентуално ќе треба да биде формално усвоен во секоја земја.*

Критериум 2 – Постои јасна и очигледна врска помеѓу квалификациите во националната рамка и дескрипторите на квалификации на циклусите во Европската рамка

- *ENIC и NARIC мрежите кои се надлежни за разгледување на проблеми кога постои суштинска разлика меѓу квалификациите, да бидат информирани за проблемите кои произлегуваат во процесот на потврдување и да се земе во предвид развојот на формалните врски;*

- *При правењето извештај сите земји треба да ги разгледуваат прашањата поврзани со развојот;*

- *Се очекуваат проблеми кај многу земји во смисла на постоење на повеќе од едно ниво во Националната рамка поврзано со Болоњскиот циклус како и на постоење на меѓуквалификации и нивоа, но приодите кои се користат во извештаите на Шкотска и Ирска, во смисла на идентификување на истите можат да се земат како примери за други земји кои имаат меѓуквалификации/нивоа;*

- *Работната група препорачува земјите да идентификуваат меѓуквалификации во своите процеси на потврдување и да ја испитаат можноста за усогласување на било која од меѓуквалификациите со дескрипторот за високообразовните кратки циклуси од Заедничката иницијатива за квалитет;*

- *Суштински е концептот за “најдобро вклопување”. Не се очекува ниту пак е пожелно, да има наполно совпаѓање помеѓу дескрипторите на различни рамки, кои ќе имаат различни цели и контекст. Пилот проектите покажаа дека многу квалификации може да имаат елементи кои би се вклопиле на повисок или понизок степен на рамката отколку нивото на кое е поставена квалификацијата како целина. Целта на рамките е да помогнат да се разберат, како сличностите така и разликите, помеѓу различни квалификации кои немаат точно совпаѓање или еквиваленција;*

- *Потребно е да се осигура дека националните извештаи за потврдување обрнуваат внимание на*

*тоа дека за пазарот на труд е важно завршувањето на првиот циклус;*

- *Работната група забележува дека е мошне тешко за Шкотска и Ирска да ги третираат прашањата на признавање (т.е. признавање од страна на високообразовните институции во други земји на шкотските и ирските квалификации и на квалификациите од други земји од страна на шкотските и ирските институции) со оглед на состојбата во имплементацијата на националните рамки кои ги вклучуваат Болоњските циклуси. Сепак, Групата смета дека со оглед на тоа дека ова е една од клучните цели на Болоњската рамка, важно е сите земји да се стремат да бараат соодветни информации во овој поглед како дел на нивната верификациона работа. Групата смета дека ова е една област каде можат да помогнат мрежите ENIC и NARIC;*

- *Сите земји треба да обезбедат ревизија на потврдувањето на компатибилноста на своите Национални рамки со Болоњската рамка, доколку имало поголеми дополнувања на нивната Национална рамка;*

- *Важно е издадените дипломи (дипломи кои повеќе не се издаваат, но кои се важни зошто и понатаму ќе има носители на такви дипломи) да се вклучени во, или да се поврзат со Националната рамка онака како што биле развиени и имплементирани и тие да се*

*земат во предвид при потврдувањето на компатибилноста со Болоњската рамка.*

Критериум 5 – Националните системи за обезбедување на квалитет во високото образование се однесуваат на националната рамка на квалификации и се во согласност со Берлинското коминике и сите последователни коминикеа договорени од министрите во Болоњскиот процес

- *При имплементацијата на процесот на потврдување, земјите треба да покажат дека нивните национални системи – на ниво на институција и агенција – прават напори да ги имплементираат Стандардите и Насоките за Обезбедување на квалитет во областа на европското високо образование и состојбата во однос на ревизиите во согласност со Стандардите и Насоките да се образложи, иако во моментот таква ревизија не мора да се презема. Работната група забележува дека многу земји имаат намера да ги имплементираат Стандардите и Насоките во наредните четири години и смета дека кој и да е извештај за потврдување треба да се приложи, а Советот на Европа известува каде е довршена ревизијата во согласност со Стандардите и Насоките. Освен тоа, Работната група препорачува дека за секој процес на самопотврдување кој е преземен после 2010, треба да има барање ревизиите на агенцијата во согласност со стандардите и насоките да се завршени на задоволителен начин пред завршувањето на каков и да е процес на само-потврдување.*

Предност на европското високо образование е културното богатство и разновидноста, што се гледа и од бројот на земји учеснички во Болоњскиот процес (47). Разновидноста е една од предностите на Европа и една од клучните функции на сеопфатната рамка на ЕПВО е да ја осмисли таа разновидност. Таа е предност за европските студенти и привлечна за студенти надвор од Европа. Болоњската рамка и развивањето и имплементацијата на националните рамки на квалификации се најважни за отстранување на бариерите за мобилност и создавање на еден заеднички јазик за опишување на квалификациите.

# Литература

**[1] “Realising the European Higher Education Area”,** Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education, Berlin, 2003
http://www.ond.vlaanderen.be/hogeronderwijs/bologna/documents/MDC/Berlin_Communique1.pdf

**[2] A brief guide to the National Framework of Qualifications,** National Qualifications Authority of Ireland, 2003
www.nfq.ie

**[3] Policies and Criteria for the Establishment of the National Framework of Qualifications,** National Qualification Authority of Ireland, 2003
www.nqai.ie/documents/polandcrit.pdf

**[4]** Stephen Adam, **A Consideration of the Nature, Role, Application and Implications for European Education of Employing Learning Outcomes at the Local, National and International Levels,** University of Westminster, June 2004.

**[5] Dublin Descriptors,** Joint Quality Initiative Meeting, in Dublin 2004
http://www.tcd.ie/vpcao/academic-development/assets/pdf/dublin_descriptors.pdf

**[6] The European Higher Education Area - Achieving the Goals,** Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Bergen, 2005
http://www.bologna-bergen2005.no/Docs/00-Main_doc/050520_Bergen_Communique.pdf

**[7] Framework for Qualifications of the European Higher Education Area,** Bologna Working Group on Qualifications Framework, 2005
http://www.bologna-bergen2005.no/Docs/00-Main_doc/050218_QF_EHEA.pdf

**[8]** Declan Kennedy, Áine Hyland, Norma Ryan, **Writing and Using Learning Outcomes: a Practical Guide,** University College Cork, Ireland, 2006

**[9]** John O'Brien, **Writing Learning Outcomes, a Guide for Academics,** University of Limerick, 2007

**[10] A Proposal for the Concept, Structure and Processes of the National Qualification Framework,** Drafted by the NQF team, Issued by National Institute for Technical and Vocational Education, Prague, April 2007

**[11]** Ron Tuck, **An Introductory Guide to National Qualifications Frameworks: Conceptual and Practical Issues for Policy Makers,** Skills and Employability Department ILO, Geneva, 2007

**[12] National Qualifications Frameworks Development and Certification Report from Bologna Working Group on Qualifications Frameworks, 2007**
http://webarchive.nationalarchives.gov.uk/20100202100434/dcsf.gov.uk/londonbologna/uploads/documents/wgqf-report-final2.pdf

**[13] Report by the Bologna Working Party on Qualifications Frameworks,** Conference of Ministers of Education of the Bologna Process, London 2007

**[14] The Framework for higher education qualifications in England, Wales and Northern Ireland**, The Quality Assurance Agency for Higher Education, 2008,
www.qaa.ac.uk

**[15]** Nancy Simpson, **Writing Learning Outcomes for Effective Assessment,** Mississippi University for Women, 2008

**[16]** Else Husa**, The Development of National Qualifications Frameworks in the Nordic Countries, 2008**
www.programkontoret.se

**[17]** Gonzalez Julia and Robert Wagenaar, eds**., Tuning Educational Structures in Europe. Universities' contribution to the Bologna Process. An introduction**. Bilbao and Groningen, 2nd. ed. 2008.

**[18] Закон за високо образование на Р. Македонија** ("Сл.весник" бр.35 од 14/3/2008)

**[19] ECTS Users' Guide 2009**, Brussels: Directorate-General for Education and Culture, 2009
http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc/ects/guide_en.pdf

**[20] Scottish Credit and Qualifications Framework Handbook: User Guide,** The SCQF Partnership
Executive Team, 2009
http://www.scqf.org.uk/content/files/SCQF_handbook_FULL_-_amended_Dec_09.pdf

**[21] A Tuning-Ahelo Conceptual Framework of Expected/ Desired Learning Outcomes in Engineering**, Tuning Association on Behalf of a Group of Experts, June, 2009

**[22] EURYDICE, Focus on Higher Education in Europe 2010: The impact of the Bologna Process**
http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/122EN.pdf

**[23] A Guide to Formulating Degree Program Profiles Including Programme Competences and Programme Learning Outcomes,** Tuning Educational Structures in Europe, 2010

**[24] Уредба за Националната рамка на високообразовните квалификации за Р. Македонија** ("Сл.весник" бр.154 од 30/11/2010)

**[25]** Nora Pileičikien, **Developing Courses Based on Learning Outcomes,** Vytautas Magnus University, Centre for Quality of Studies, February 2011

# Прилог 1:

## ДАБЛИНСКИ ДЕСКРИПТОРИ ЗА КРАТОК ЦИКЛУС, ПРВ ЦИКЛУС, ВТОР ЦИКЛУС И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ[1]

Европската рамка на високообразовни квалификации (РК-ЕПВО) има општи дескриптори на квалификациите за секој циклус, познати како „Даблински дескриптори“. Тие се развиени како еден збир и потребно е при нивно разгледување да се внимава на нивната меѓусебна поврзаност. Тие главно се наменети да се користат за усогласување на квалификациите, па според тоа и на националните рамки. Самите национални рамки може да имаат и дополнителни елементи или очекувани резултати и може да имаат поконкретни и специфични функции.

Даблинските дескриптори се изградени врз следниве елементи:

- знаење и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини,
- вештини на учење (капацитет да се продолжи со учењето).

Даблинските дескриптори нудат општи искази за типичните очекувања за постигнувањата и способностите поврзани со квалификациите кои означуваат успешно завршување на секој од Болоњските циклусите. Целта не е тие да бидат крути; тие не претставуваат праг или минимални барања и не се сеопфатни; може да се додадат или

[1] Претходно познати како додипломски студии, магистерски студии и докторат

заменат слични или еквивалентни карактеристики. Целта на дескрипторите е да се утврди природата на целата квалификација. Дескрипторите не се ниту за конкретен предмет, ниту се ограничени на академски, професионални или стручни области. За одредена дисциплина, дескрипторите треба да се разгледуваат во рамки на контекстот и треба да се користи јазикот на дисциплината. Секогаш кога е можно, тие треба да бидат референца за било кои очекувања/компетенции објавени од страна на соодветни научни и/или стручни заедници. Натамошната елаборација на постоечките елементи и/или воведувањето на нови елементи претставува дел од еволуцијата на истите како референтни точки на РК-ЕПВО.

Даблинските дескриптори се дадени во продолжение и може да се користат од страна на високообразованиете установи како дополнителна референтна точка [5].

Квалификации кои означуваат успешно завршување на високообразовниот краток циклус (во рамките на првиот циклус) се доделуваат на студентите кои:

- покажуваат знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование[2] и е обично на ниво потпомогнато од современи учебници; таквото знаење дава поддршка на полето на работа или професија, личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус,
- можат да го применат своето знаење и разбирање во професионални контексти,
- имаат способност да идентификуваат и користат податоци за да формулираат одговори за јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми,
- способност да го разменат личното разбирање, вештини и активности со рамни на себе, со

[2] Општото средно образование, исто така, вклучува и стручно оразование со доволно општи компоненти

претпоставените и клиентите,

- имаат вештини за учење за да преземат понатамошни проучувања со одредена независност.

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус се доделуваат на студентите кои:

- покажуваат знаење и разбирање за научното поле што се темели на претходното образование од средно училиште и е на ниво кое, помогнато од современа литература, вклучува одредени аспекти од знаењето кои се последни достигнувања на нивното поле на проучување,
- се способни да го применат своето знаење и разбирање на начин кој покажува професионален[3] пристап кон работата или професијата, и имаат компетенции[4] коишто обично се покажуваат преку изнаоѓање и користење аргументи, како и решавање проблеми во научното поле на студирање,
- имаат способност за прибирање и толкување на соодветни информации (најчесто во научното поле на студирање) и донесување одлуки земајќи го предвид влијанието на општествениот, научниот и етичкиот контекст,
- имаат способност да пренесат информации, идеи, проблеми и решенија на стручни и нестручни лица,
- развиени вештини на учење неопходни за

[3] Поимот „професионален“ се користи во дескрипторите во својата најширока смисла и се однесува на атрибутите кои се релевантни за извршување на одредена работа или професија и кои вклучуваат примена на некои аспекти од напредното учење. Овде, овој поим не се употребува за оние конкретни барања кои се однесуваат на регулирани професии. Второве, може да се утврдат со профилот / спецификациите.

[4] Поимот „компетенции“ се користи во дескрипторите во својата најширока смисла, овозможувајќи градација на способности или вештини. Овде, овој поим не се користи во потесна смисла утврдена само врз основа на „да/не“ оценување.

продолжување на понатамошното студирање со висок степен на независност.

Квалификации кои означуваат успешно завршување на вториот циклус се доделуваат на студентите кои:

- покажуваат знаење и разбирање коешто се темели и ги проширува и/или зголемува знаењата стекнати од првиот циклус, што претставува основа или можност за оригиналност во развивање и применување на идеи во контекст на научното истражување[5],
- имаат способност за примена на знаењето и разбирањето, како и способност за решавање проблеми во нови, непознати услови во поширок (мултидисциплинарен) контекст поврзан со научното поле на студирање,
- имаат способност да интегрираат знаења и да се справат со сложени ситуации, како и да формулираат мислење, без целосни или пак со ограничени податоци, но кои вклучуваат размислување за општествената и етичка одговорност поврзано со примената на стекнатото знаење и разбирање,
- способност да пренесат свои заклучоци и знаења со рационално поткрепување на истите, како на стручни, така и на нестручни лица, јасно и недвосмислено,
- имаат вештини за учење коишто им овозможуваат продолжување на образованието на начин кој е во голема мерка самостоен и независен.

[5] Поимот „истражување“ се користи за покривање на широк спектар на активности, во контекст често поврзан со полето на студирање; овде, поимот се користи да претстави внимателно проучување или истражување засновано на систематско и критичко разбирање и знаење. Поимот се користи на недвосмислен начин да се покаже опсегот на активности кои поддржуваат оригинална и иновативна работа во сите научни, професионални и технолошки полиња, вклучувајќи ги и општествените науки, традиционалните, сценските и другите креативни уметности. Овде, овој поим не се користи ни во, ограничена смисла, ниту пак се поврзува само со традиционалните „научни методи“.

Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус се доделуваат на студентите кои:

- покажуваат систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на вештини и методи на истражувања поврзани со тоа поле,
- покажуваат способност да смислат, дизајнираат, имплементираат и прилагодат суштински процес на истражување со научен интегритет,
- даваат придонес преку оригинални истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни публикации,
- се способни за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи,
- можат да комуницираат со своите колеги, поширoката научна заедница и со општеството во целина за нивната област на експертиза,
- се очекува да бидат способни да го промовираат во рамки на академскиот и професионален контекст, технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење.

Со постапка на Заедничка иницијатива за обезбедување на квалитет, се споредија дескрипторите и се утврди градацијата помеѓу циклусите за секој од овие елементи. Градацијата меѓу соодветните Даблински дескриптори од прв циклус (на пример, дипломиран) до втор циклус (на пример магистер) до докторат се прикажани во Табела П.1

*Табела П.1. Градација помеѓу соодветните Даблински дескриптори*

| | |
|---|---|
| знаења и разбирање … | |
| Краток циклус | ... во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование[6] и е обично на ниво потпомогнато од современи учебници; |
| 1.циклус | ... [кое е] помогнато од современа литература, вклучува одредени аспекти кои се последни достигнувања на нивното поле на проучување; |
| 2.циклус | ... основа или можност за оригинален израз во развојот и/или примената на идеи во контекст на научното истражување[7]; |
| Докторат | [вклучува] систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на вештини и методи на истражувања поврзани со тоа поле; |
| примена на знаењето и разбирањето … | |
| Краток циклус | често во професионален контекст |
| 1.циклус | [преку] изнаоѓање и користење аргументи . . . |
| 2.циклус | [преку] способност за решавање проблеми во нови, непознати услови во поширок (мултидисциплинарен) контекст . . . |
| Докторат | [преку] способност да смислат, дизајнираат, имплементираат и прилагодат суштински процес на истражување со научен интегритет… [што дава] придонес кој ги надминува постојните |

[6] Општото средно образование, исто така, вклучува и стручно оразование со доволно општи компоненти

[7] Поимот „истражување“ се користи за покривање на широк спектар на активности, во контекст често поврзан со полето на студирање; овде, поимот се користи да претстави внимателно проучување или истражување засновано на систематско и критичко разбирање и знаење. Поимот се користи на недвосмислен начин да се покаже опсегот на активности кои поддржуваат оригинална и иновативна работа во сите научни, професионални и технолошки полиња, вклучувајќи ги и општествените науки, традиционалните, сценските и другите креативни уметности. Овде, овој поим не се користи ни во, ограничена смисла, ниту пак се поврзува само со традиционалните „научни методи“.

| | |
|---|---|
| | граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни публикации… |
| способност за проценка … | |
| Краток циклус | да идентификуваат и користат податоци за да формулираат одговори за јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми; |
| 1.циклус | [преку] прибирање и толкување на соодветни информации… |
| 2.циклус | способност да интегрираат знаења и да се справат со сложени ситуации, како и да формулираат мислење, без целосни информации… |
| Докторат | [преку] критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи... |
| способност за комуникација… | |
| Краток циклус | разменување на нивното разбирање, вештини и активности со рамни на себе, со претпоставените и клиентите; |
| 1.циклус | информации, идеи, проблеми и решенија . . . |
| 2.циклус | [нивните] заклучоци и знаења со рационално поткрепување на истите, како на стручни, така и на нестручни лица... |
| Докторат | [нивните] колеги, поширокета научна заедница и со општеството во целина за нивната област на експертиза… |
| вештини на учење … | |
| Краток циклус | да преземат понатамошни проучувања со одредена независност |
| 1.циклус | потребни за продолжување на понатамошното студирање со висок степен на независност . . . |
| 2.циклус | продолжување на образованието на начин кој е во голема мера самостоен и независен . . . |
| Докторат | се очекува да бидат способни да промовираат, во академски и професионален контекст, технолошки, општествен или културен развој . . |

# Прилог 2:

## УРЕДБА ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ

**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 154 од 30.11.2010)**

Врз основа на член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.11.2010 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## за Националната рамка на високообразовните квалификации

### Член 1

Со оваа уредба се утврдува Националната рамка на високообразовните квалификации со која поблиску се определуваат профилот, целите и појдовните основи за формирањето на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за стручното образование пократко од три години.

### Член 2

Националната рамка на високообразовните квалификации (во натамошниот текст: Националната рамка) претставува единствен меѓународно препознатлив опис, на ниво на националниот високообразовен систем, со кој се опишуваат сите меѓусебно поврзани високообразовни

квалификации и резултати од учењето и се определуваат односите помеѓу високообразовните квалификации.

Националната рамка е задолжителен национален стандард со кој се уредуваат начините за стекнување и користење на високообразовните квалификации во Република Македонија.

Националната рамка е инструмент за воспоставување на високообразовните квалификации стекнати во Република Македонија со кој се даваат основите за прегледноста, пристапот, проодноста, стекнувањето и квалитетот на квалификациите.

**Член 3**

Целите на Националната рамка се:

- да им овозможи на високообразовните установи, работодавачите, родителите, идните студенти и останатите да ги разберат постигнувањата и особеностите на стекнатото звање и начинот на кој квалификациите се поврзани меѓусебно,
- да обезбедува поддршка на високообразовните установи, студентите и останатите при разјаснувањето на потенцијалните правци за напредувањето и преносот на кредитите особено во контекст на поширокото учество во процесот на доживотно учење,
- да одржува споредливост на нормативите, стандардите и методологијата, особено на оние прифатени на единствениот простор за високо образование, да осигурува меѓународна конкурентност и да ја олеснува мобилноста на студентите и дипломираните,
- да помогне на високообразовните установи во постапката на надворешното оценување на квалитетот преку донесување на појдовните точки за воспоставувањето и определувањето на академските стандарди.

**Член 4**

Националната рамка има четири нивоа и шест поднивоа и тоа:

<table>
<tr><th colspan="2">Ниво во Националната рамка на ВО квалиф.</th><th>Високо образование</th><th>Ниво во Европската рамка на ВО квалиф.</th></tr>
<tr><td colspan="2">VIII</td><td>III циклус на студии<br>Докторски студии</td><td>8</td></tr>
<tr><td rowspan="2">VII</td><td>VIIA</td><td>II циклус на студии<br>Магистерски академски студии</td><td rowspan="2">7</td></tr>
<tr><td>VIIБ</td><td>II циклус на студии<br>Специјалистички студии</td></tr>
<tr><td rowspan="2">VI</td><td>VIA</td><td>I циклус на студии<br>Универзитетски студии 240 кредити<br>Стручни студии 240 кредити</td><td rowspan="2">6</td></tr>
<tr><td>VIБ</td><td>I циклус на студии<br>Универзитетски студии 180 кредити<br>Стручни студии 180 кредити</td></tr>
<tr><td rowspan="2">V</td><td>VA</td><td>Стручни студии од 60 до 120 кредити Кратки циклуси во рамките на првиот циклус</td><td rowspan="2">5</td></tr>
<tr><td>VБ</td><td>Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60ЕКТС</td></tr>
</table>

## Член 5

Дескриптор на квалификација, во смисла на оваа уредба, преставува опис односно мерлив показател на резултатите од учењето и постигнувањата за кои се оценува студентот и кои за доделената квалификација, студентот треба да биде оспособен да ги покаже.

Националната рамка има општи дескриптори на квалификациите за секој циклус на студии што ги одразуваат вообичаените вештини и постигнувања на студентот и се однесуваат на квалификациите кои означуваат завршување на одреден циклус на студии.

Специфичните дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечната студиска програма од соодветниот циклус на студии ги подготвува високообразовната установа.

Податоците за стекнатите вештини и постигнувањата на студентот, како и користењето на квалификацијата се соопштуваат во додатокот на дипломата.

## Член 6

Описот на резултатите од учењето за одредено ниво на квалификација се изразува со следните дескриптори на квалификациите:

- знаење и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини и
- вештини на учење.

## Член 7

Називите на квалификациите се определуваат на начин кој овозможува нивното вклопување во Националната рамка да биде разбирливо за сите засегнати чинители и се во согласност со Класификацијата на научно–истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација дадена во прилог на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високобразовна дејност.

За високообразовните квалификации во Република Македонија се води Регистар од страна на министерството надлежно за работите на високото образование.

## Член 8

Определувањето на нивото на постојните и новите квалификации во Националната рамка се врши врз основа на резултатите од учењето определени за дадената квалификација.

Група од различни квалификации, стекнати во различни научни подрачја на студирање, може да се поставаат на исто ниво во Националната рамка ако ги исполнуваат општите критериуми за резултатите од учењето за тоа ниво.

Студиските програми можат да бидат од различно или исто научно подрачје, изведени со различни предмети, но такви да му овозможуваат на студентот да се стекне со знаења, вештини и компетенции, специфични за дадениот циклус кои го подготвуваат за влез во следниот циклус на студии или му даваат можност за вработување на одредени стручни работни места.

Нивото на квалификацијата се утврдува и со исполнување на условот за минималниот број на кредити за даденото ниво. Вкупниот број на кредити за секоја квалификација јасно и недвосмислено се наведува во квалификацијата.

## Член 9

Студиската програма за која се доделува квалификацијата овозможува споредба со други квалификации, ја дефинира целната група за која е наменета квалификацијата и ги определува резултатите од учењето во облик на општи дескриптори на квалификацијата за целата студиска програма и специфични дескриптори на квалификацијата за секој предмет во рамките на студиската програма.

## Член 10

Квалификациите се состојат од задолжителни предмети со кои се определуваат основните знаења и вештини и изборни предмети како дополнување на посебните вештини стекнати со задолжителните предмети.

Факултативните предмети кои се сметаат за потребни за одредени работни места не се неопходни за доделување на квалификацијата.

За секоја квалификација јасно се наведува структурата на соодносот на предметите.

## Член 11

Квалификации кои означуваат успешно завршување на краток циклус на студии (60–120 ЕКТС) се доделуваат на лице кои ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| знаење и разбирање | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br>Поседува знаење кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. |
| примена на зн. и разбир. | Способност за практична и професионална примена на знаењето и разбирањето. |
| способност за проценка | Способност да пребарува, идентификува и користи податоци за да формулира одговори и решенија на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира во врска со конкретни апстрактни проблеми, вештини и активности со рамните на себе, со претпоставените и клиентите. |
| вештини на учење | Има вештини за учење и може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на автономност. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус на студии (180–240 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| знаење и разбирање | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. |
| примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| способност за проценка | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци;<br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти;<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |

| | |
|---|---|
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани;<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати;<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| вештини на учење | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60–120 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| знаење и разбирање | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање), кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br>Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење;<br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња;<br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле. |

| | |
|---|---|
| примена на зн. и разбир. | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање. |
| способност за проценка | Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето;<br>Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. |
| комуникац. вештини | Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено;<br>Преземање значителна одговорност за заедничките резултати, водење и иницирање активности. |
| вештини на учење | Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| знаење и разбирање | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди. |
| примена на знаењето и разбирањето | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет.<br>Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации. |
| способност за проценка | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка.<br>Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет.<br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле. |
| комуник. вештини | Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза. |
| вештини на учење | Се очекува да бидат способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење. |

## Член 12

Секоја квалификација во Националната рамка треба да биде компатибилна со содветната квалификација од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Постапката на потврдување на компатибилноста на Националната рамка со Европската рамка на високообразовни квалификации се изведува најмалку на секои пет години.

## Член 13

Степените на високо образование стекнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба споредени со нивоата во Националната рамка соодветствуваат на:

| Ниво во Националната рамка на ВО квалификации | VIII | VII | | VI | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIА | VIIБ | VIА | VIБ | VА | VБ |
| Поранешни степени | VIII | VII/2 | | VII/1 | | VI | |

## Член 14

Специфичните дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечната студиска програма од соодветниот циклус на студии се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и се објавуваат на интернет страниците на високообразовните установи.

**Член 15**

Одредбата од член 14 на оваа уредба ќе отпочне да се применува шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

**Член 16**

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-6508/1

17 ноември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,

м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

# Прилог 3:

## 10 ЧЕКОРИ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

### (ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА БОЛОЊСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА РАМКИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ПОДНЕСЕН НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА МИНИСТРИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ЛОНДОН, 2007)

Процесот на развивање на национална рамка на квалификации може да биде сумиран во 10 основни чекори.

1. Одлука за почеток: Ја донесува националниот орган надлежен за високото образование (Министер?)
2. Поставување агенда: Цели на нашата НРК; Работна Група-Извештај бр.1 (дел 2.3)
3. Организирање на процесот: Идентификување на засегнатите страни (чинители); формирање комисија / РГ
4. Дизајнирање профил: Структура на нивоата, дескриптори на нивоа (резултати од учењето), опсег на кредитите
5. Дискусија за консултирање на национално ниво и прифаќање на дизајнот од страна на засегнатите страни (чинителите)
6. Одобрување, согласно националната традиција, од страна на Министерот/ Владата / Законодавството
7. Административна распределба на задачи меѓу високообразовните установи, Агенцијата за обезбедување на квалитет и други органи

8. Имплементација на институционално ниво / на ниво на програма; Преформулирање на студиските програми преку пристап заснован на резултатите од учењето
9. Вклучување на квалификациите во НРК; Акредитација или слично (на пр. Берлинското коминике)
10. Самопотврдување на компатибилноста со рамката на ЕПВО (Усогласување со Болоњските циклуси итн.); Работна Група - Извештај бр.1; Пилот проекти

Редоследот на чекорите не мора да е ист во сите земји.

# Прилог 4:

## КРИТЕРИУМИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА КОМПАТИБИЛНОСТА НА РАМКАТА

## (ИЗВАДОК ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА РАМКИ НА КВАЛИФИКАЦИИ, 2005)

Критериумите за потврдување дека националните рамки се компатибилни со Болоњската рамка се следните:

1. Националната рамка на високообразовните квалификации и телото или телата одговорни за нејзиното развивање да се назначуваат од страна на националното министерство надлежно за работите на високото образование;
2. Да има јасна и видлива врска помеѓу квалификациите во националната рамка и квалификациските дескриптори на циклус на Европската рамка;
3. Националната рамка и нејзините квалификации да се докажано засновани на резултатите од учењето и квалификациите да се поврзани со кредити на ЕКТС или со кредити компатибилни со ЕКТС;
4. Процедурите за вклучување на квалификациите во националната рамка да се транспарентни;
5. Националниот систем за обезбедување квалитет на високото образование да се повикува на националната рамка на квалификации и да е во согласност со Берлинското коминике и сите последователни коминикеа договорени од страна на министрите во Болоњскиот процес;
6. Националната рамка и сите усогласувања со Европската рамка да се наведени во секој Додаток на диплома;

7. Одговорностите на домашните страни во националната рамка да се јасно утврдени и објавени.

Процедурите за потврдување дека националните рамки се компатибилни со Болоњската рамка се следните:

1. Надлежното национално тело/тела треба да ја потврди компатибилноста на националната рамка со Европската рамка;
2. Процесот на самопотврдување треба да ја вклучи предходно дадената согласност на телата за обезбедување на квалитет во земјата за која станува збор, призната преку Болоњскиот процес;
3. Во процесот на самопотврдување треба да се вклучат меѓународни експерти;
4. Самопотврдувањето и доказот дека истото е реализирано треба да се објавуват и поединечно да ги земаат предвид секој од утврдените критериуми;
5. ENIC и NARIC мрежите водат јавна листа на државите кои потврдиле дека го завршиле процесот на самопотврдување [www.enic-naric.net];
6. Завршувањето на процесот на самопотврдување треба да се наведе во Додатокот на дипломата што се издава потоа, и во која се покажува врската помеѓу националната рамка и Европската рамка.

# Прилог 5:

## Поимник

Постојат голем број на концепти поврзани со и битни да се разберат националните рамки на квалификации, но за жал, нема широка меѓународна спогодба за прифатена употреба на поимите како што се ниво, циклус, обем на работа, резултати од учење, рамка на квалификации и сл. Разликите во употребата на овие поими го прават проблематично објаснувањето на националните рамки и нивното координираното развивање. Со цел да се надминат овие потешкотии во овој Водич се користат следните дефиниции земени од Болоњскиот поимник, Поимникот од програмата за усогласување (Tuning) и Водичот за корисниците на ЕКТС:

### Акумулација
Процес на собирање на кредити доделени за постигнување на очекуваните резултати од учењето на образовни компоненти или други активности за учење.

### Даблински дескриптори
Даблинските дескриптори обезбедуваат општи искази за типичните очекувања од постигнувањата и способностите поврзани со дипломите кои го претставуваат крајот на еден Болоњски циклус.

### Дескриптори на квалификации
Општи искази за резултатите од учењето. Тие обезбедуваат јасни референтни точки кои ги опишуваат главните резултати на една квалификација, честопати повикувајќи се на националните нивоа.

### Дескриптори на ниво (циклус)

Општи искази кои ги опишуваат карактеристиките и контекстот на учењето кое се очекува на секое ниво, врз основа на кои може да се оценат резултатите од учењето и критериумите за оценување.

### Доделување на кредити

Процес на доделување на одреден број на кредити на квалификациите/програмите или на други образовни компоненти

### Европа/Европска

Се однесува на земјите потписнички на Болоњската декларација, додека поимот „национални“ се користи за да се опишат контекстите во секоја од овие земји или нивните образовни системи.

### Европска рамка за квалификации за доживотно учење (ЕРК-доживотно учење)

Европска рамка за квалификации (ЕРК) е сеопфатна рамка која ги прави транспарентни врските меѓу европските национални (и/или секторски) образовни рамки на квалификации и квалификациите кои тие ги содржат.

### ЕКТС

ЕКТС е систем за акумулирање и трансфер на кредити во кој студентот е во центарот, врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење

### Квалификации (високо образование)

Секој степен, диплома или друг сертификат издаден од надлежниот орган со кој се потврдува дека се постигнати одредени резултати од учењето, нормално

после успешното завршување на призната наставна програма за високо образование.

## Компетенции

Динамична комбинација на когнитивните и метакогнитивни вештини, знаење и разбирање, интерперсонални, интелектуални и практични вештини, етички вредности и ставови.

## Кредит (ЕКТС)

Квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работа што им е потребен на студентите со цел да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учење на дадено ниво.

## Критериуми за оценување

Опис на она што се очекува од студентот да направи, со цел да покаже дека резултатите од учењето се постигнати.

## Модул

Терминот модул има различни значења во различни земји. Во некои земји тој значи предметна единица, во други модулот е група на предметни единици. Овде е користена дефиницијата од Водичот за користење на ЕКТС. Модулот е дефиниран како предметна единица во систем во кој секоја предметна единица го носи истиот број на кредити или неколкукратен производ од истите.

## Национална рамка на квалификации

Национална рамка на квалификации претставува единствен опис, на национално ниво или на ниво на образовен систем, кој е меѓународно препознатлив. Рамката ги опишува сите квалификации кои се

доделуваат во дадениот систем и ги поврзува едни со други на еден кохерентен начин.

## Непризнаено учење

Учење кое произлегува од секојдневните животни активности поврзани со работата, семејството или со слободното време. Тоа не е структурирано (во однос на целите за учење, времето на учење или поддршката во учењето) и типично не води до диплома. Непризнаеното учење може да биде намерно, но во повеќето случаи тоа е ненамерно (или " случајно" / по случаен избор).

## Неформално учење

Учење коешто не е обезбедено од страна на образовна установа или установа за обука и најчесто не води до диплома. Меѓутоа, тоа сепак е структурирано (во однос на целите на учење, времето на учење или поддршката во учењето). Неформалното учење од гледна точка на студентите е намерно.

## Нивоа

Нивоата претставуваат серија на последователни чекори (развоен континум) на учење, изразени во однос на низа општи резултати структурирани според еден договорен збир на компатибилни дескриптори, на кои може да се позиционираат типичните квалификации.

## Обезбедување на квалитет

Процес или збир на процеси усвоени на национално и институционално ниво со цел обезбедување квалитетот на образовните програми и на доделените квалификации.

## Обем на работа

Времето кое типично им е потребно на студентите да ги

завршат сите активности на учење (како што се предавања, семинари, проекти, практична работа, самостојно учење и испити) потребно да се постигнат очекуваните резултати од учењето.

**Образование засновано на резултати (ОЗР)**
ОЗР е метод на дизајнирање на наставна програма и учење насочено на она што студентите може вистински да направат откако ќе им е предадено.

**Одредница** - стандард кој се користи за споредба

**Оценување**
Вкупен број на методи (писмени, усни и практични тестови/испити, проекти и портфолија) кои се користат да се оцени „постигнувањето на очекуваните резултати од учењето на студентите ".

**Програма (студиска)**
Збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

**Профил**
Профилот претставува или конкретно поле на учење на една квалификација или пошироко множество на групи на квалификации или програми од различни области кои делат заедничка нагласка или намена (на пример применети стручни студии наспроти потеоретски академски студии).

**Резултати од учењето**
Искази за она што се очекува од студентот да знае, да разбере и да е во состојба да го направи по успешното завршување на процесот на учење.

**Резултати од учењето на дадена студиска програма**
Кохерентен збир од 15 до 20 искази со кои се изразува што се очекува од студентот да знае, да разбира и да е способен да направи по успешното завршување на дадената студиска програма.

**Студент**
Поединец вклучен во процесот на учење (формално, неформално или непризнаено)

**Рамка на квалификации за Европскиот простор за високо образование (РК-ЕПВО)**
Сеопфатна рамка која го прави транспарентен односот меѓу европските национални рамки на квалификации за високо образовние и квалификациите кои тие ги содржат. Таа е еден механизам за поврзување меѓу националните рамки.

**Референтни точки**
Ненормативни индикатори кои го поддржуваат поврзувањето на квалификациите, резултатите од учењето и/ или другите сродни концепти.

**Учење каде студентот е во центар**
Пристап или систем кој го поддржува дизајнирањето на студиските програми кои се насочени на постигнувањата на студентите, прилагоден на различните приоритети на студентите, и е усогласен со разумен обем на работа на студентите (т.е. обем на работа кој е изводлив во рамките на времетраењето на студиската програма). Тој обезбедува поголема вклученост на студентите при изборот на содржината, начинот, брзината и местото на учење.

**Учење каде наставникоте во центар**

Пренесување на информации од еден експерт во знаење (наставник) на еден релативно пасивен примач (студентот/ученикот) или корисник.

**Формално учење**

Учење типично обезбедено од страна на една образовна установа или установа за обука, кое е структурирано (во однос на целите за учење, времето на учење или поддршката во учењето) и кое води до диплома. Од гледна точка на студентот, формалното учење е намерно

**Циклус**

Сите квалификации во Европскиот простор на високото образование се сместени во три циклуси. Една од целите наведени во Болоњската декларација од 1999 година беше „усвојување на систем кој се заснова на два главни циклуси, додипломски и постдипломски". Во 2003 година во Болоњската структура како трет циклус беа вклучени и докторските студии.

# Прилог 6: Шематска споредба на Македонските и Даблинските дескриптори

| Тип на дескр. | Квалиф. циклус | Дескриптори на нивоата на НРК за РМ | Даблински дескриптори |
|---|---|---|---|
| Знаење и разбирање | Краток циклус | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br>Има знаење кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование и е обично на ниво потпомогнато од современи учебници; таквото знаење дава поддршка на полето на работа или на професија, личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. |
| | Прв циклус | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија.<br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење.<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. | Покажува знаење и разбирање за научното поле што се темели на претходното образование од средно училиште и е на ниво кое, помогнато од современа литература, вклучува одредени аспекти од знаењето кои се последни достигнувања на нивното поле на проучување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Знаење и разбирање | Втор циклус | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање), кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето<br><br>Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење.<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња.<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле. | Покажува знаење и разбирање коешто се темели и ги проширува и/или зголемува знаењата стекнати од првиот циклус, што претставува основа или можност за оригиналност во развивање и применување на идеи, во контекст на научното истражување. |
| | Трет циклус | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди. | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на вештини и методи на истражувања поврзани со тоа поле. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | Краток Циклус | Способност за практична и професионална примена на знаењето и разбирањето. | Може да го примени своето знаење и разбирање во професионални контексти. |
| | Прв циклус | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. | Способност за примена на знаењето и разбирањето на начин којшто покажува професионален пристап кон работата или професијата и има компетенции коишто обично се покажуваат преку изнаоѓање и користење аргументи, како и решавање проблеми во научното поле на студирање. |
| | Втор циклус | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање. | Способност за примена на знаењето и разбирањето, како и способност за решавање проблеми во нови, непознати услови во поширок (мултидисциплинарен) контекст поврзан со научното поле на студирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | Трет циклус | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и прилагодува суштински предмет на истражување со научен интегритет.<br><br>Дава придонес преку оригинални истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни рецензирани публикации. | Покажува способност да смисли, дизајнира, имплементира и прилагодува суштински процеси на истражување со научен интегритет.<br><br>Придонес преку оригинални истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни публикации. |
| Способност за проценка | Краток циклус | Способност да пребарува, идентификува и користи податоци за да формулира одговори и решенија на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми. | Има способност да идентификува и користи податоци за да формулира одговори на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми. |
| | Прв циклус | Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи, концепти од релевантни податоци.<br><br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти.<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. | Способност за прибирање и толкување на соодветни информации (најчесто во научното поле на студирање) и донесување одлуки земајќи го во предвид влијанието на општествениот, научниот и етичкиот контекст. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Способност за проценка | Втор циклус | Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето.<br><br>Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка.<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. | Способност да интегрира знаења и да се справи со сложени ситуации, како и да формулира мислења без целосни или пак со ограничени податоци, но кои вклучуваат размислување за општествената и етичка одговорност поврзано со примената на стекнатото знаење и разбирање |
| | Трет циклус | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка.<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет.<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле. | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Краток циклус | Способност да општи за конкретни апстрактни проблеми, вештини и активности со колеги, со претпоставени и клиенти. | Способност да го размени личното разбирање, вештини и активности со колеги, со претпоставени и клиенти. |
| | Прв циклус | Способност да општи и расправа, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. | Способност да пренесува информации, идеи, проблеми и решенија на стручни и нестручни лица. |
| | Втор циклус | Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.<br>Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности. | Способност да пренесе свои заклучоци и знаење со рационално поткрепување на истите, на стручни и на нестручни лица, јасно и недвосмислено. |
| | Трет циклус | Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза. | Може да комуницира со своите колеги, поголемата научна заедница и со општеството во целина за неговата област на експертиза. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вештини на учење | Краток циклус | Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност. | Има вештини за учење за да преземе понатамошни проучувања со одредена независност. |
| | Прв циклус | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. | Развиени вештини на учење неопходни за продолжување на понатамошното студирање со висок степен на независност |
| | Втор циклус | Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки.<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. | Има вештини за учење коишто му овозможуваат продолжување на образованието на начин кој е во голема мерка самостоен и независен. |
| | Трет циклус | Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење. | Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење |

# Контакт:

**Проф. Janerik Lundquist**

**Универзитет Линкопинг, Шведска**

**email: jel@ipe.liu.se**

**Проф. Елизабета Бахтовска**

**Универзитет "Св. Климент Охридски", Р.Македонија**

**email: elizabeta.bahtovska@uklo.edu.mk**